# МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

Автор: Девелопмент Солушнс ДОО Скопје

Лектура: Габриела Петроска

Дизајн и техничка обработка: КОНТУРА ДОО

Тираж: 200

Издавач: Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ

Место и година на издавање: Гостивар, 2018

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина е единствена одговорност на Центар за развој на медиумите на заедниците - МЕДИУМ
и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

Гостивар, 2018

# СОДРЖИНА


1. Вовед ..... 7
2. Методологија ..... 9
3. Резултати од мониторинг ..... 13
3.1 Број на вести ..... 13
3.2 Должина на вести за корупција ..... 14
3.3 Позиција на веста ..... 15
3.4 Жанр ..... 17
3.5 Застапеност на актуелни и минати настани ..... 19
3.6 Ниво на значење на емитуваните прилози ..... 20
3.7 Тон на веста ..... 22
3.8 Вклученост на политички партии ..... 25
3.9 Вклученост на институции ..... 31
3.10 Вклученост на граѓански организации ..... 32
3.11 Број на користени извори ..... 34
3.12 Заклучок ..... 36
4. Интервјуа со засегнати страни ..... 38
4.1 Слобода на известување и изразување ..... 38
4.2 Ограничени ресурси ..... 39
4.3 Односи со граѓанскиот сектор ..... 40
4.4 Интерес да се работи на проблемот на корупција ..... 41
4.5 Соработка со институциите ..... 42
5. Заклучок ..... 43
6. Библиографија ..... 45
7. Анекс 1: Табели и графикони ..... 46
8. Анекс 2: Листа на респонденти ..... 78

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ


Табела/Графикон 1. Број на прилози за корупција според медиум. ....13
Табела/Графикон 2. Просечна должина на веста според медиум (во минути). ....15
Табела/Графикон 3. Главни и споредни вести според ТВ канал. ....16
Табела/Графикон 4. Жанровска застапеност на прилози за корупција според ТВ канал. ....18
Табела/Графикон 5. Покривање на тековни и минати настани според медиум. ....19
Табела/Графикон 6. Ниво на значење на веста, според канал. ....21
Табела/Графикон 7. Тон на веста, според медиум. ....23
Табела/Графикон 8. Тон на веста според медиум, во рамки на категоријата. ....24
Табела/Графикон 9. Прилози со реакција на политичка партија според медиум. ....25
Табела/Графикон 10. Реакција од политичка партија како главнина на веста, според медиум. ....27
Табела/Графикон 11. Прва пренесена реакција на политичка партија, според медиум. ....29
Табела/Графикон 12. Втора пренесена реакција на политичка партија, според медиум. ....30
Табела/Графикон 13. Број на прилози кои се однесуваат на некоја институција, според медиум. ....31
Табела/Графикон 14. Број на вести кои се однесуваат на некоја граѓанска организација, според медиум. 33
Табела/Графикон 15. Број на извори на кои е базирана веста, според медиум. ....35
Табела/Графикон 16. Просечна должина на емитуван прилог. ....46
Табела/Графикон 17. Главни и споредни емитувани вести. ....46
Табела/Графикон 18. Главни и споредни вести според канал, удел во категоријата. ....47
Табела/Графикон 19. Жанровска застапеност на прилози за корупција. ....48
Табела/Графикон 20. Жанровска застапеност на прилози за корупција според ТВ канал, удел во категоријата. ....49
Табела/Графикон 21. Застапеност на актуелни и минати настани. ....50
Табела/Графикон 22. Покривање на тековни и минати вести според медиум, удел во категоријата. ....51
Табела/Графикон 23. Значење/ниво на веста. ....52
Табела/Графикон 24. Значење/ниво на веста според медиум, удел во категоријата. ....53

Табела/Графикон 25. Тон на веста. ...... 54
Табела/Графикон 26. Тон на веста според медиум, удел во категоријата. ...... 55
Табела/Графикон 27. Насока на пристрасна вест. ...... 56
Табела/Графикон 28. Прилози со изјава од политичка партија. ...... 57
Табела/Графикон 29. Прилози со изјава од политичка партија според медиум, удел во категоријата. ...... 58
Табела/Графикон 30. Прилози каде реакцијата на политичка партија е главнина на веста. ...... 59
Табела/Графикон 31. Прилози каде реакцијата на политичка партија е главнина на веста според медиум, удел во категоријата. ...... 60
Табела/Графикон 32. Прилози со главнина на веста/број на извори на кои е темелена веста. ...... 61
Табела/Графикон 33. Политичка партија чија реакција е пренесена прва. ...... 62
Табела/Графикон 34. Политичка партија чија реакција е пренесена втора по ред. ...... 63
Табела/Графикон 35. Втора пренесена реакција од политичка партија, според медиум. ...... 64
Табела/Графикон 36. Прилози што се однесуваат на институција. ...... 65
Табела/Графикон 37. Прилози кои се однесуваат на институции според медиум, удел во категоријата. ...... 66
Табела/Графикон 38. Институции за кои се известува во прилозите. ...... 67
Табела/Графикон 40. Институции за кои се однесуваат прилозите (втори по значење). ...... 70
Табела/Графикон 41. Прилози кои се однесуваат на граѓанска организација. ...... 72
Табела/Графикон 42. Прилози што се однесуваат и на граѓанска организација, според медиум. ...... 73
Табела/Графикон 43. Граѓански организации вклучени во известување за корупција. ...... 74
Табела/Графикон 44. Граѓански организации вклучени во известување за корупција и број на извори на кои се темели веста. ...... 75
Табела/Графикон 45. Број на извори презентирани во рамки на веста. ...... 76
Табела/Графикон 46. Прилози според број на извори во рамки на медиум, удел во категоријата. ...... 77

# 1. Вовед

Корупцијата како општествен феномен претставува еден од главните предизвици за развојот на здраво општество. Не постои општество што е имуно на корупцијата како девијантна појава. Меѓутоа, клучни разлики во поглед на склоноста кон корупција меѓу општествата се врзуваат за развојот и примената на ефективни механизми за нејзино идентификување и санкционирање. Македонија, која својот пат кон самостојноста го започна со транзиција во нов општествен систем, сè уште е земја во која корупцијата ги пронижува речиси сите сфери на општеството. Иако според анализите постои јавна свест за проблемот на корупцијата, борбата против корупцијата е поткопана од култура на неказнивост.

Медиумите, во овој контекст, претставуваат една од клучните алки во борбата со корупцијата преку идентификација на коруптивни дејства, информирање на јавноста и надлежните институции, а со тоа и учество во креирање на плодно тло – клима за борба против корупцијата. Ова, се разбира, е можно во средина која овозможува и поттикнува истражување, пристап до информации и слободно изразување и известување. Накратко, потенцијалот на медиумите да ја исполнуваат својата *watchdog* улога зависи од поширока констелација на односи – отворен и транспарентен однос на властите, респонзивност кај надлежните институции, како и расположливост на финансиски и човечки ресурси за соодветна обработка на теми од овој вид.

И во ерата на интернетот и новите форми на комуникација и масовно информирање, телевизијата ја задржува својата улога во информирањето на јавноста. Начинот на кој е обликувано медиумското информирање има силно влијание врз начинот на кој одредени теми ќе бидат третирани во јавноста. Во Република Македонија, покрај јавниот радиодифузен сервис кој оперира преку два канали, активни се уште пет терестријални национални телевизии, како и поголем број кабелски телевизии[1].

Изминатата деценија беше обележана од силни тенденции за ограничување на слободата на известување, тенденции кои се нотирани во повеќе анализи и извештаи од меѓународни институции кои работат на ова поле. Согласно последниот извештај на Фридом Хаус (за 2017 година), медиумите во земјата се оценети како „неслободни"[2]. Во рамки на извештајот е заклучено дека медиумите остануваат поларизирани по политичка линија, како и дека ова се остварува преку праксата на самоцензура меѓу уредниците и новинарите. Притисокот врз новинарите се одржува и преку директни притисоци, физички напади, но и судско гонење на новинари. Последниот извештај на Европската комисија

1 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 2018. *Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телаевизиските станици,* (прв квартал од 2018). Скопје: АААВМУ. Достапно на: https://bit.ly/2wAKSCU

2 Извештајот е достапен на: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2017/macedonia

заклучува дека иако се забележува намален притисок кон медиумите и поголема слобода во известувањето, сè уште постојат процеси чие исполнување би довело до суштинско унапредување на состојбите во сферата на медиумите, особено во поглед на неопходните реформи во рамки на јавниот радиодифузен сервис[3].

Корупцијата го дисторзира економскиот и општествениот развој, при што еднаш воспоставените шеми на корупција имаат тенденција да перзистираат, креирајќи култура на криминалитет и неказнивост[4]. Во ситуација кога земјата речиси две децении неуспешно се обидува да ги надмине „болестите на транзицијата", меѓу кои проминентно место има корупцијата, медиумското известување за корупција претставува исклучително релевантен аспект на градење култура на активно граѓанство и култура на казнивост. Ова станува дотолку поважно во услови кога во релативно краток временски период беа затворени повеќе печатени медиуми. Медиумите имаат клучна улога во развивањето на јавната свест за постоењето на проблемот корупција, причините и последиците за и од неа. Нивната улога во борбата против корупцијата може да биде повеќе или помалку директна, од откривање на случаи на корупција, известување за проблемот на санкционирање на корупцијата, како и анализа и известување за поширокота општествена клима на политички плурализам, активна јавна дебата и отчетност на политичарите и институциите.

Сепак, оваа функција на медиумите, особено во услови на презаситеност на медиумскиот пазар и силна финансиска зависност на медиумите придружени со притисоци од различен вид, може да биде сериозно поткопана. Ефективноста на медиумите во исполнувањето на оваа мисија зависи од достапноста и слободата на пристап до информации, постоењето на медиумска клима која ја поддржува слободата на изразувањето, како и придржувањето до професионалните и етичките стандарди од страна на новинарите и уредниците.

Оваа анализа е реализирана во рамки на проектот „Заедно во борба против корупцијата", финансиран од Делегација на Европска Унија, преку ИПА програмата – Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2016 – 2017. Целта на извештајот е да се оцени природата и типологијата на медиумското известување за (анти) корупцијата во Македонија, како и придржувањето кон водечките принципи на новинарството. Овој истражувачки извештај има за цел да го анализира медиумското известување на теми врзани за корупција во рамки на пет национални телевизии во периодот април – јули 2018 година. Покрај мониторингот на централните вести на целните медиуми, беа реализирани и квалитативни интервјуа со засегнати страни. Резултатите од анализата се презентирани во поглавјата што следуваат. Најголемиот дел од резултатите од статистичката обработка на податоците се презентирани во Анекс 1, додека учесниците со кои беа реализирани квалитативни интервјуа се презентирани во Анекс 2.

3 European Commission. 2018. *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2018 Report*. Достапен на: https://www.sobranie.mk/content/republic-of-macedonia-report%2017.4.18.pdf

4 Stapenhurst, Rick. 2000. *The Media's Role in Curbing Corruption.* World Bank Institute.

# 2. Методологија

Имајќи ја предвид целта на анализата (медиумско известување на корупција), истражувањето се базираше на квантитативен и квалитативен методолошки пристап. Квантитативна методологија беше употребена за прибирање и анализа на податоци од централните вести на пет национални телевизии: МТВ 1, МТВ 2, Сител, Телма и Алсат-М. Централните вести на овие телевизии беа снимани во период од три месеци (90 дена) – од 13.04.2018 до 13.07.2018. Медиумите кои беа предмет на мониторинг емитуваат централни вести во времетраење од 30 минути. Снимените материјали беа анализирани, а релевантни податоци врзани за единиците на анализа (прилози за корупција) беа внесени во база на податоци. Добиените податоци беа предмет на статистичка обработка и анализа. Во рамки на анализата беа вклучени 406 прилози емитувани на телевизиите кои беа предмет на анализа во горенаведениот период. Резултатите од квантитативната анализа се презентирани во поглавјата што следуваат. Целосните резултати од анализата се приложени во Анекс 1 од овој документ.

Квантитативната анализа на податоците беше реализирана врз основа на следните индикатори:

- ***Број на прилози***. Ова е првиот индикатор кој дава информации за квантитативната застапеност на теми врзани за корупција, односно колку темата корупција е застапена во медиумскиот простор. Во рамки на анализата беше разгледуван и бројот на прилози според медиум, како и фреквенцијата на објавување прилози за корупција.
- ***Должина на прилог***. Станува збор за индикатор со кој се мери медиумскиот простор отстапен за известување за корупција. Иако бројот на прилози може да биде висок, должината на прилогот упатува на значењето кое се придава на веста, како и исцрпноста во покривањето на случајот.
- ***Тема на прилог***. Прилозите беа анализирани според темата, односно според случаите на кои се однесуваа.
- ***Дали станува збор за главна или споредна вест***. Ова е важен индикатор кој упатува на севкупниот третман и значење кое медиумот го придава на веста. Давањето статус на главна вест не само што го потенцира значењето на самата тема, туку и придонесува истата да биде видена од поголем број гледачи.
- ***Жанр (вест, коментар или анализа)***. Станува збор за показател за тоа на кој начин се известува за темите врзани за корупција. Категоријата „вест" се однесува на прилозите во кои се пренесуваат само информации за одредени случаи. Категоријата „коментар" подразбира дека веста е проследена со дополнителен наратив кој изразува став/мислење на новинарот/медиумот. Категоријата „анализа" претпоставува посеопфатен пристап во третманот на темата на која ѝ претходи истражување, консултирање на најмалку три извори и воспоставување каузални врски помеѓу податоците. Основна претпоставка на анализата е дека токму анализите можат да имаат најголемо влијание и придонес во борбата против корупцијата.

- ***Дали веста се однесува на тековен настан или настан од минатото***. Во рамки на овој индикатор беше анализирано дали медиумите се фокусирани на актуелни настани (откривање на нови случаи или покривање на тековни постапки врзани за случаи на корупција) или на случаи од минатото.
- ***Ниво на релевантност на веста (национално, регионално или локално)***. Станува збор за индикатор кој има за цел да покаже дали прилозите третираат теми од национално, регионално или локално значење.
- ***Тон на веста (неутрален, критички, одобрувачки или пристрасен)***. Во рамки на анализата беше адресирано и прашањето за тоа каков тон е употребен при известувањето, дали се користи неутрален тон (кога и веста и наративот се презентирани во неутрални термини), критички (кога темата и наративот ја презентираат веста во негативно светло), одобрувачки (кога темата или наративот содржат позитивен тон) или пристрасно (кога станува збор за еднострано известување).
- ***Дали веста содржи реакција од политичка партија; редослед во презентирање на реакции од политички партии***. Политичките партии се релевантни од два аспекти: прво, како извор на информации за потенцијални коруптивни влијанија, а второ, како засегната страна во случаи врзани за корупција. Во рамки на анализата беше разгледувано кои изјави (од кои политички партии) биле презентирани први, а кои втори.
- ***Дали реакцијата на политичката партија претставува главнина на веста***. Како што беше наведено, политичките партии во одредени случаи можат да бидат извор на информации за потенцијални корупциски случаи. Во овој случај индикаторот е фокусиран на тоа да утврди каде изјавата од политичката партија ги дава основните информации за веста.
- ***Дали веста се однесува на некоја институција и на која***. Со овој индикатор се настојуваше да се утврдат институциите на кои се однесува случајот или институции кои се надлежни за решавање на случајот.
- ***Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација и на која***. Овој индикатор е релевантен од аспект на вклучување на граѓанските организации како релевантен чинител на полето за борба против корупцијата. Во контекст на овој индикатор беше анализирано во колкав степен граѓанските организации се извори на вести за корупција и колку од нивната работа на полето на корупцијата е презентирана во медиумите.
- ***На колку извори се базира веста***. Овој индикатор е врзан за професионалните стандарди при известувањето за корупција. Корупцијата е феномен чија презентација се врзува за исцрпна истражувачка работа, консултирање на повеќе извори (најмалку три) и презентирање на перспективи од повеќе засегнати страни. Во овој контекст, во рамки на анализата беше разгледувана исцрпноста при известувањето, односно дали се работи за еднострано известување, како и бројот на користените извори.

Паралелно со мониторинг активностите беа реализирани полуструктурирани интервјуа со засегнати страни – новинари и уредници на

телевизиски, печатени медиуми, како и онлајн портали. Квантитативната анализа на податоците може само да даде индикации за состојбите и трендовите во известувањето за корупција во ограничен временски интервал. Известувањето за корупција, во овој поглед, е обликувано од повеќе фактори кои се однесуваат на внатрешната и надворешната околина во која оперираат медиумите и новинарите. Во овој контекст, целта на интервјуата беше да се добијат продлабочени сознанија за специфичните околности кои го обликуваат медиумското известување за корупција, предизвиците со кои се соочуваат различните медиуми при известувањето за корупција и на кој начин можат да се унапредат состојбите. Во рамки на истражувањето беа реализирани петнаесет полуструктурирани интервјуа со новинари и уредници. Листата на респонденти е приложена во Анекс 2 од овој документ.

Еден од клучните предизвици кој се наметна на почетокот од анализата се врзуваше за формулирање на јасни правила и параметри според кои ќе се врши кодирањето на податоците. Првиот се однесуваше на операционализација на поимот корупција. Општо земено, корупцијата се определува како *нечесно или измамничко однесување на лица на позиции на моќ, кое типично вклучува мито*. Односно, корупцијата може да се дефинира како злоупотреба на јавна моќ за лична добивка или за добробит на групата кон која лицето е лојално. Корупцијата најчесто настапува во сферите на вкрстување на јавниот и приватниот сектор. Станува збор за прилично широка дефиниција, како во поглед на опсегот на засегнатите страни (лица на позиции на моќ), така и во поглед на дејствијата опишани како корупција (измамничко или нечесно однесување кое обично вклучува мито). Во овој поглед, во анализата беа вклучени прилози кои се однесуваат на лица – сегашни или поранешни носители на јавни функции, како и лица вработени во државните органи, односно лица кои работат на позиции кои се од јавен интерес.

Определувањето на прецизна операционализација за тоа што претставува измамничко или нечесно однесување за остварување лична добробит беше уште еден предизвик при собирањето на податоците. Проблемот настанува кога во оваа дефиниција се сместува однесување кое претставува пречекорување на овластувања, несоодветно постапување, без да може јасно да се посочи намера за остварување на лична корист. Односно, она што корупцијата ја издвојува од другите типови на девијантно постапување е намерата да се оствари директно или индиректно лична корист. Вистинскиот проблем настанува кога медиумите не се во состојба да постават директна врска помеѓу остварениот чин и намерата за остварување лична корист. Оваа врска не е секогаш очигледна и најчесто тешко се докажува. Затоа, најголем дел од вестите поставуваат помалку или повеќе индикација за можно коруптивно дејствување. Прилозите кои беа опфатени со мониторинг активностите, во овој контекст, опфаќаат не само директни обвинувања и постапки врзани за случаи на корупција, туку и индиректни индикации за потенцијални коруптивни активности.

Дополнително, потребно е да се наведе дека периодот во кој беше реализиран мониторингот беше атипичен во поглед на содржините кои имаат проминентно место во медиумското известување. Имено, периодот кога беше реализиран мониторингот беше период во кој голем

медиумски простор беше отстапен на теми врзани со надворешно-политичките односи, односно преговорите за името на земјата, препораката за почеток на преговори со ЕУ и поканата за влез во НАТО. Станува збор за период во кој главна тема за време на централните вести беа прилози со информации за текот на преговорите, како и други надворешно-политички теми. Во овој период известувањето за други прашања, вклучително и за проблемот на корупцијата, од страна на многу медиуми имаше второстепено значење.

Дополнително, ова е период во кој интензивно беа покривани судските процеси за случаите покренати од Специјалното јавно обвинителство (СЈО). Голем дел од вестите во овој период отпаѓаат на тековни информации за текот на судењата и изречените пресуди. Може да се констатира дека беа предочени исклучително мал број нови случаи на корупција, а бројот на сеопфатни анализи е уште помал. Во следните поглавја се презентирани анализите од мониторингот и квалитативната анализа.

# 3. Резултати од мониторинг

## 3.1 Број на вести

За време на мониторингот беа нотирани 406 поединечни прилози врзани за корупција, односно околу 135 прилози месечно или околу 4 прилози дневно – околу еден прилог дневно по медиум. Анализата на податоците според медиумот покажа дека најмногу вакви вести биле застапени на ТВ Телма, односно дека повеќе од четвртина од сите прилози за корупција биле презентирани на овој медиум (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 1). Имено, овој медиум се издвојува по известувањето за корупција. Споредено кај другите медиуми кои беа вклучени во мониторингот, се забележува значително помал и речиси изедначен процент на известување за корупција, особено меѓу Алсат-М и Сител, а потоа и меѓу МТВ 1 и МТВ 2, кои најмалку известуваат на теми врзани за корупција.

Бројот на прикажани прилози врзани за корупција во периодот кога е реализиран мониторингот треба да се анализира во светло на тековните случувања во земјата. Имено, како што беше наведено, периодот на известување кој беше анализиран беше обележан со теми и вести за надворешната политика – преговорите за името, добивањето препорака за почеток на преговорите за влез во ЕУ и поканата за влез во НАТО. Овие настани доминираа на централните вести, при што ова може да се смета како фактор кој придонесе за помало покривање на теми врзани за корупција.

Генерално земено може да се констатира дека бројот на прилози врзани за корупција не е мал, иако постојат значајни разлики во покривањето на теми врзани за корупција во различните медиуми. Загрижува што овие теми најмалку се покривани на јавниот сервис, особено бидејќи станува збор за теми од значаен јавен интерес. Известувањето за корупциски случаи во овој контекст е занемарено, споредено со бројот на прилози застапени на другите медиуми.

*Табела/Графикон 1. Број на прилози за корупција според медиум.*

| ТВ канал | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| МТВ1 | 72 | 17.7 | 17.7 | 17.7 |
| МТВ2 | 65 | 16.0 | 16.0 | 33.7 |
| Сител | 78 | 19.2 | 19.2 | 53.0 |
| Телма | 111 | 27.3 | 27.3 | 80.3 |
| Алсат | 80 | 19.7 | 19.7 | 100.0 |
| Вкупно | 406 | 100.0 | 100.0 | |




## 3.2 ДОЛЖИНА НА ВЕСТИ ЗА КОРУПЦИЈА

Должината на прилозите беше анализирана со цел да се идентификува медиумскиот простор отстапен за известување за корупција. Кога станува збор за должината на емитуваните прилози, статистичката анализа покажа дека просечната должина е 1,9 минути (Табела/Графикон 16 во Анекс 1), со значајно отстапување меѓу прилозите. Имено, должината на прилозите значајно се разликува од најниски 15 секунди, до 12 минути и 16 секунди. Најдолгиот прилог емитуван на тема корупција е емитуван на телевизија Сител и се однесува на интервју со поранешниот премиер Никола Груевски за неговата пресуда во случајот „Тенк". Доколку се исклучи овој прилог, просечното времетраење на прилозите во кои се известува за корупција би било значително пократко, вклучително и просечното време што Сител телевизија го отстапува за известување за корупција.

Споредбата на просечното времетраење на прилозите за корупција според медиум покажа дека телевизија Телма, покрај податокот дека емитувала најголем број прилози врзани за корупција, исто така има и најдолго просечно времетраење на прилозите (податоците се прикажани во Табела/Графикон 2). По неа следуваат Сител и МТВ 2, Алсат-М, додека МТВ 1 има најниско просечно времетраење на емитуваните прилози. Податоците покажуваат дека освен тоа што каналите на јавниот сервис имаат емитувано најмал број прилози за корупција, кај нив

(особено во случајот на МТВ 1) имаат и најниско просечно времетраење на прилозите за корупција, што уште еднаш потврдува дека оваа тема е маргинализирана во уредувачката политика на медиуми чија работа е финансирана од граѓаните и треба да му служи на јавниот интерес.

*Табела/Графикон 2. Просечна должина на веста според медиум (во минути).*

| Просечна должина на веста според медиум | | | |
|---|---|---|---|
| | Должина на веста | | |
| ТВ канал | Просечна должина (минути) | Број | Стандардна девијација |
| МТВ1 | 1.1775 | 72 | .72937 |
| МТВ2 | 2.0123 | 64 | 1.09611 |
| Сител | 2.0179 | 78 | 1.65009 |
| Телма | 2.2329 | 111 | .81745 |
| Алсат | 1.9786 | 80 | .82549 |
| Вкупно | 1.9188 | 405 | 1.11536 |

## 3.3 Позиција на веста

Покрај бројот на емитувани вести и нивното времетраење, релевантно за анализата беше и позицијата на веста во редоследот на вестите, односно дали се работи за главна или споредна вест. Овој индикатор е релевантен од повеќе аспекти. Прво, го покажува генералниот третман на корупцијата во рамки на уредувачката политика на медиумот (релевантноста на корупцијата како тема). Второ, претставува индикатор за интенцијата на медиумот темата да допре до јавноста. Презентирањето на прилогот како главна вест или негово презентирање во главната најава на вестите директно влијае врз зголемување на бројот на лица информирани за веста. Известувањето за корупција како споредна вест, не само што дава маргинален контекст на темата, туку може да влијае врз тоа веста да биде проследена од помалку гледачи.

Сите телевизиски канали што беа предмет на мониторинг имаа најава на главните вести. Одлуката за тоа дали една вест е третирана како главна беше носена врз основа на тоа дали е наведена во првите три емитувани прилози и/или дали е вклучена во најавата на главните вести. Треба да се напомене дека повеќе телевизиски куќи практикуваа вестите за корупција, иако најавени како главни, да ги емитуваат пред крајот на вестите (дури и на крајот на вестите од рубриката), што го доведува во прашање влијанието на овие практики. Според податоците од мониторингот, околу една третина (134 од 406 емитувани прилози) од емитуваните прилози на тема корупција биле емитувани како главна вест (Табела/Графикон 17 во Анекс 1). Станува збор за бројка која иако не е голема, сепак нејзината интерпретација треба да се разгледува во контекст на останатите индикатори, пред сè темата и жанрот, кои се пошироко елаборирани во заклучокот од ова поглавје.

Анализата на податоците според телевизискиот канал покажуваат дека Алсат-М и МТВ 2 имаат најголем број вести емитувани како главни вести во рамки на својата програма (податоците се прикажани во Табела/Графикон 3). МТВ 2 и Алсат-М со повеќе од 40% од прилозите за корупција емитувани како главни вести предничат со вестите за корупција како главни вести. По нив следува телевизија Телма со повеќе од третина од вестите за корупција емитувани како главни вести. Најнизок процент е забележан кај МТВ 1, каде само 16,7% од прилозите за корупција се емитувани како главни вести. Интересно е да се нотира разликата меѓу два медиуми од јавниот сервис (МТВ 1 и МТВ 2) кај кои се забележува значајна разлика во позиционирањето на теми врзани за корупција.

*Табела/Графикон 3. Главни и споредни вести според ТВ канал.*

**ТВ канал * Дали веста е главна или споредна? Crosstabulation**

| | | | Дали веста е главна или споредна? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 12 | 60 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 16.7% | 83.3% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 28 | 37 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 43.1% | 56.9% | 100.0% |
| | Сител | Број | 20 | 58 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 25.6% | 74.4% | 100.0% |
| | Телма | Број | 40 | 71 | 111 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 36.0% | 64.0% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 34 | 46 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 42.5% | 57.5% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 134 | 272 | 406 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 33.0% | 67.0% | 100.0% |



Дополнително, анализата на податоците според уделот на главните и споредните вести во рамки на категоријата покажува дека највисок удел со ударни вести за корупција имала телевизија Телма (како резултат на општиот број на теми за корупција за кои известувала оваа телевизија), следена од Алсат-М и МТВ 2, додека најнизок процент на главни вести на тема корупција имале Сител и МТВ 1 (податоците се прикажани во Табела/Графикон 18 во Анекс 1).

## 3.4 Жанр

Во рамки на мониторинг анализата беше разгледувано и жанровското покривање на вестите. Имено, имајќи предвид дека корупцијата е тема чие покривање бара консултирање на поголем број извори и поинтензивен истражувачки напор, анализата настојуваше да открие на кој начин се презентирани вестите за корупција. Големо мнозинство од прилозите спаѓаат во категоријата „вест”, односно пренесување информации без поширока анализа или коментар. Само 8,9% од прилозите емитувани на централните вести претставуваа анализи во чии рамки беа консултирани повеќе извори и каде се настојуваше да се добијат продлабочени сознанија за темата (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 19 во Анекс 1).

При интерпретацијата на податоците треба да се има предвид видот на телевизиска програма што беше предмет на мониторинг. Централните вести имаа ограничено времетраење од половина час, во чии рамки се презентирани актуелни информации за тековни случувања во земјата, регионот и светот, каде постои ограничен временски простор за презентирање опширни анализи. Сепак, останува констатацијата дека бројот на анализи регистриран во рамки на мониторингот е исклучително низок.

Анализата на податоците според каналот покажа дека највисок број на прилози-анализи доминираат кај Алсат-М телевизија, следена од телевизија Телма. Телевизиите Телма и Сител предничат со број на прилози-коментари, додека МТВ 1 и МТВ 2 имаат најголем број прилози во кои пренесуваат вести (податоците се прикажани во Табела/Графикон 4). Треба да се нотира дека најмногу регистрирани анализи во рамки на мониторингот се нотирани кај телевизиски куќи кои имаат посебни програми кои се занимаваат со истражувачко новинарство и истражување на случаи на корупција. Во одредени случаи анализите презентирани во рамки на централните вести беа најава или сиже на репортажи и стории изработени и презентирани во целост за потребите на посебни програми емитувани на телевизиите. Односно, бројот на прилози-анализи е очекувано поголем во рамки на телевизиските куќи кои имаат тимови кои работат на истражувачки стории. Бројот на анализи во рамки на телевизиските куќи кои немаат посебни програми е значително понизок, незначителен во споредба со прилозите од други категории.

Дополнително, во анализата на податоците во рамки на категоријата (жанр) предничи Алсат-М со најмногу прилози – анализи за корупција, следена од телевизија Телма. Телевизиите Сител, МТВ 1 и МТВ 2 имаат значајно понизок процент на вести-анализи за корупција на своите централни вести (Табела/ Графикон 20 во Анекс 1).

И во овој случај се забележува дека меѓу каналите од јавниот сервис прилози-анализи за корупција речиси и да не се застапени, односно во текот на целиот период на мониторинг

забележана е само една анализа прикажана на МТВ 2. Незастапеноста на анализи на каналите од јавниот сервис е проблематична од аспект што јавниот сервис, кој располага со значително повеќе ресурси (материјални и човечки) од повеќе приватни медиуми, не вложува напори да истражи и презентира теми врзани за корупција кои се од јавен интерес.

*Табела/Графикон 4. Жанровска застапеност на прилози за корупција според ТВ канал.*

**ТВ канал * Жанр Crosstabulation**

| | | | Жанр | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вест | Коментар | Анализа | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 62 | 10 | 0 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 86.1% | 13.9% | 0.0% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 64 | 0 | 1 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 98.5% | 0.0% | 1.5% | 100.0% |
| | Сител | Број | 51 | 25 | 2 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 65.4% | 32.1% | 2.6% | 100.0% |
| | Телма | Број | 57 | 40 | 14 | 111 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 51.4% | 36.0% | 12.6% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 61 | 0 | 19 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 76.3% | 0.0% | 23.8% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 295 | 75 | 36 | 406 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 72.7% | 18.5% | 8.9% | 100.0% |



## 3.5 ЗАСТАПЕНОСТ НА АКТУЕЛНИ И МИНАТИ НАСТАНИ

Во рамки на анализата беше разгледувано и колку од емитуваните прилози се однесуваат на тековни настани или на настани од минатото. Резултатите покажаа дека значаен дел од емитуваните прилози се однесуваат на тековни настани, актуелни случаи на корупција или тековни процедури (судски постапки) за случаи на корупција од минатото. Имајќи предвид дека во периодот во кој беше реализиран мониторингот беа актуелни судските постапки покренати од СЈО против функционери од претходната власт, висок беше процентот на прилози кои се однесуваа на овие случаи и овие вести беа третирани како тековни. Резултатите се прикажани во Табела/Графикон 21 во Анекс 1.

Анализата на податоците според телевизискиот канал покажа дека постојат разлики во известувањето, при што се издвоија МТВ 2 и Сител како телевизиски куќи кои најмногу покриваат актуелни настани. За останатите телевизиски куќи процентот е приближно ист, при што останува констатацијата дека актуелните случаи доминираат во централните вести (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 5).

Анализата на податоците според категоријата (дали веста се однесува за актуелен настан или настан од минатото) покажа дека телевизиите Телма и Сител имаат најголем удел во известувањето за тековни настани, додека уделот на МТВ2 и Алсат-М е изедначен и нешто понизок, а најнизок удел има МТВ 1. Она што и во овој случај е индикативно е значајната разлика во третманот на настани меѓу каналите од јавниот сервис, МТВ 1 и МТВ 2 (Табела/Графикон 22 во Анекс 1).

*Табела/Графикон 5. Покривање на тековни и минати настани според медиум.*

**ТВ канал * Дали веста е за настан од истиот ден? Crosstabulation**

| | | | Дали веста е за настан од истиот ден? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 52 | 20 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 72.2% | 27.8% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 62 | 3 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 95.4% | 4.6% | 100.0% |
| | Сител | Број | 63 | 15 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 80.8% | 19.2% | 100.0% |
| | Телма | Број | 78 | 33 | 111 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 70.3% | 29.7% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 60 | 20 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 75.0% | 25.0% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 315 | 91 | 406 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 77.6% | 22.4% | 100.0% |




## 3.6 Ниво на значење на емитуваните прилози

Уште еден релевантен индикатор кој беше предмет на анализа беше покривањето на теми на различно ниво на значајност – локално, регионално или национално. Анализата на податоците покажа дека најголем дел од емитуваните прилози за корупција се релевантни на национално ниво, односно опфаќаат институции кои функционираат во рамки на централната власт или теми кои се од пошироко општествено значење. Локалните теми имаат значително помала, речиси незначителна покриеност на националните телевизиски куќи. Имено, само 14,3% од емитуваните прилози третираат локални теми (резултатите се прикажани во Табела /Графикон 23 во Анекс 1). Овој податок упатува на неколку можни заклучоци: дека националните телевизии го препуштаат известувањето за локални теми и случаи на локални медиуми или дека локални теми не се покриваат воопшто.

Анализата на податоците според медиумот покажа дека за локални теми врзани за корупција повеќе се известува на каналите МТВ 2 и Алсат-М, додека на останатите телевизиски канали имаат значително помала покриеност (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 6). Анализата на податоците според телевизискиот канал, во поглед на уделот на вести на категоријата ниво на релевантност, покажа дека Алсат-М има најголем удел во известување на вести од локално значење, следена од МТВ 2. По нив следува Сител, додека најнизок удел во известувањето на теми за корупција од локално значење имаат Телма и МТВ 1 (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 24 во Анекс 1).

Овие резултати упатуваат на уште еден показател за можна етничка поделеност во известувањето. Имено, станува збор за медиуми кои емитуваат централни вести на албански јазик, односно се ориентирани кон публика од одредена етничка заедница. Во тој контекст, една

од претпоставките за овој диференциран третман на локални теми се врзуваше за тезата дека овие медиуми повеќе се ориентирани кон теми кои се од локален интерес во заедниците во рамки на кои оваа етничка група е мнозинска. Оваа претпоставка беше тестирана во поглед на општините на кои се однесуваат вестите и се покажа како неточна. Имено, не се покажаа разлики во поглед на општините од кои се пренесуваа прилози за локална корупција.

*Табела/Графикон 6. Ниво на значење на веста, според канал.*

**ТВ канал * Значење/ниво Crosstabulation**

| | | | Значење/ниво | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Национално | Регионално | Локално | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 62 | 1 | 9 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 86.1% | 1.4% | 12.5% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 52 | 0 | 13 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 80.0% | 0.0% | 20.0% | 100.0% |
| | Сител | Број | 67 | 0 | 11 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 85.9% | 0.0% | 14.1% | 100.0% |
| | Телма | Број | 104 | 0 | 8 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 92.9% | 0.0% | 7.1% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 61 | 2 | 17 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 76.3% | 2.5% | 21.3% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 346 | 3 | 58 | 407 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 85.0% | 0.7% | 14.3% | 100.0% |



## 3.7 Тон на веста

Уште еден релевантен показател беше тонот на известувањето, односно дали се известува со неутрален, критички, одобрувачки или пристрасен тон. Во поглед на тонот на веста, општо земено доминира неутралниот тон во известувањето. Имено, околу две третини од емитуваните прилози биле со неутрален тон, следени од критички тон кај повеќе од четвртина од емитуваните прилози. Пристрасен тон бил забележан кај 4,2% од емитуваните прилози, додека одобрувачки тон кај само 2% (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 25 во Анекс 1).

Тонот на известувањето зависи и од видот на веста за која се известува, па ако се земе предвид дека во најголем дел од случаите жанрот на известување е „вест", доминирањето на неутралниот тон е во извесен степен очекувано. Но, од друга страна ова може да упатува на воздржување на медиумите од презентирање критички тон во известувањето за корупција, односно постење на извесна „самоцензура".

Во контекст на ова прашање, податоците беа анализирани и според медиумот, но и според насоката на пристрасност (во рамки на случаите каде беше утврдено пристрасно известување). Анализата на податоците според медиумот покажа дека во рамки на категоријата, МТВ 2 емитувала најмногу вести со неутрален тон, следена од Алсат, додека МТВ1, Сител и Телма имаат понизок процент на емитувани прилози со неутрален тон (податоците се прикажани во Табела/Графикон 26 во Анекс 1). Во рамки на категоријата критички тон на известување доминира телевизија Телма, следена од Сител, МТВ 1 и Алсат. Оваа телевизија доминира и во рамки на категоријата прилози со одобрувачки тон, а заедно со телевизија Сител имаат и најголем број прилози во категоријата вести со пристрасен тон.

Сепак, поцелосна слика се добива при анализата на податоците според тонот на известување во рамки на медиумот (резултатите се прикажани во Табела/ Графикон 7). Овде МТВ2 и Алсат-М се издвојуваат како медиуми кои во највисок процент емитувале прилози со неутрален тон. На МТВ 1 повеќе од две третини од вестите биле со неутрален тон, една четвртина со критички тон, додека само 2,8% со одобрувачки и пристрасен тон. Состојбата е слична и кај телевизија Сител, со таа разлика што постои нешто повисок процент на вести со пристрасен тон.

Нешто помалку од половина од прилозите емитувани на телевизија Телма биле со неутрален тон, а речиси половина со критички. Понизок процент од емитуваните прилози биле со одобрувачки или пристрасен тон.

*Табела/Графикон 7. Тон на веста, според медиум.*

## ТВ канал * Тон на веста Crosstabulation

| | | | Тон на веста | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Неутрален | Критички | Одобрувачки | Пристрасен | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 49 | 19 | 2 | 2 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 68.1% | 26.4% | 2.8% | 2.8% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 64 | 0 | 0 | 0 | 64 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0% |
| | Сител | Број | 49 | 20 | 2 | 7 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 62.8% | 25.6% | 2.6% | 9.0% | 100.0% |
| | Телма | Број | 46 | 54 | 4 | 8 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 41.1% | 48.2% | 3.6% | 7.1% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 62 | 15 | 0 | 0 | 77 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 80.5% | 19.5% | 0.0% | 0.0% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 270 | 108 | 8 | 17 | 403 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 67.0% | 26.8% | 2.0% | 4.2% | 100.0% |



Иако процентот на вести со пристрасен тон е генерално низок (17 прилози или 4,2% од вкупниот примерок), анализата вклучуваше и прашање кон кого е пристрасна веста (власта или опозицијата). Во поглед на ова прашање, општата дистрибуција на податоците покажува дека не постои поизразена пристрасност ниту кон власта ниту кон опозицијата, односно дека прилозите оценети како пристрасни во речиси еднаков процент демонстрираат поддршка кон двете страни (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 27 во Анекс 1).

Во насока да се утврди дали постои тенденција кај одредени медиуми да застапуваат интереси на една од страните, податоците беа вкрстени и анализирани според медиумот. Резултатите покажаа дека МТВ 1 има подеднаков број на вести оценети како пристрасни кон власта и опозицијата. На Сител доминираат вестите пристрасни кон опозицијата, додека ситуацијата е спротивна во случајот на телевизија Телма, каде најголем дел од вестите кои се означени како пристрасни биле насочени кон власта (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 8).

*Табела/Графикон 8. Тон на веста според медиум, во рамки на категоријата.*

**ТВ канал * тон.9а Crosstabulation**

| | | | тон.9а | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Власта | Опозицијата | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 3 | 3 | 6 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 50.0% | 50.0% | 100.0% |
| | Сител | Број | 3 | 9 | 12 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 25.0% | 75.0% | 100.0% |
| | Телма | Број | 9 | 2 | 11 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 81.8% | 18.2% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 15 | 14 | 29 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 51.7% | 48.3% | 100.0% |



## 3.8 Вклученост на политички партии

Случаите на корупција во својата суштина вклучуваат лица кои се наоѓаат на позиции кои поседуваат одреден степен на општествена моќ. Ова тесно ја врзува корупцијата за политичките елити, односно политичките партии. Од овој аспект, релевантно за анализата беше да се утврди во која мера политичките партии се претставени како засегната страна во известувањето за корупција. Многу од вестите за корупција содржат и изјави/коментари од политички партии. Во одредени случаи политичките партии се оние кои укажуваат на потенцијално постоење на коруптивни активности во одредена сфера. Анализата на податоците покажа дека околу една четвртина од сите емитувани прилози за корупција содржат изјави од политички партии (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 28 во Анекс 1).

Анализата на податоците според медиумот, во рамки на категоријата (реакција на политичка партија), покажа дека телевизијата МТВ 1 имала најголем број вести со изјави/реакции од политички партии. Речиси една третина од вестите емитувани на овој канал содржеле ваква реакција. По неа следуваат Сител и Телма, каде околу 20% од емитуваните прилози содржат реакции од политички партии. Најмалку вакви изјави се содржеле во прилозите за корупција емитувани на МТВ 2 и Алсат-М (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 29 во Анекс 1).

Дополнителната анализа на податоците според медиумот покажа дека речиси половината од вестите емитувани на МТВ 1 содржеле реакции на политички партии. Ова е случај со околу четвртина од прилозите емитувани на телевизија Сител и околу петтина од прилозите емитувани на МТВ2. Телевизија Телма и Алсат-М имаат најнизок процент на емитувани прилози каде се пренесуваат изјави од политички партии (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 9).

*Табела/Графикон 9. Прилози со реакција на политичка партија според медиум.*

**ТВ канал * Дали веста соддржи реакција на политичка партија Crosstabulation**

| | | | Дали веста соддржи реакција на политичка партија | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 34 | 38 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 47.2% | 52.8% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 15 | 50 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 23.1% | 76.9% | 100.0% |
| | Сител | Број | 23 | 55 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 29.5% | 70.5% | 100.0% |
| | Телма | Број | 21 | 91 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 18.8% | 81.3% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 11 | 69 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 13.8% | 86.3% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 104 | 303 | 407 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 25.6% | 74.4% | 100.0% |




За подобро разбирање на улогата што изјавите на политичките партии ја имале во известувањето за корупција, податоците беа анализирани од аспект на тоа дали изјавата на политичка партија ја претставува главнината на веста. Во случаи кога изјавата на политичката партија е главнината на веста може да стане збор за два вида улоги – политичката партија изнесува реакција на обвинување или политичката партија е извор на информација за корупција. Во рамки на прилозите каде се пренесува изјава од политичка партија, ваквите изјави ја чинат главнината на веста во повеќе од две третини од овие случаи (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 30 во Анекс 1). Ова значи дека изјавите на политичките партии претставуваат значаен извор на информации за потенцијално коруптивни активности и имаат значајно место во известувањето за корупција.

Анализата на податоците според телевизискиот канал покажа дека МТВ 1 и МТВ 2 имаат најмногу вести каде изјава на политичка партија е главната содржина на веста. Алсат-М и Сител имаат нешто понизок број на вести каде изјавата од политичка партија е главнината на веста, додека процентот е најнизок кај телевизија Телма, каде околу 50% од вестите за корупција што содржат изјава на политичка партија, изјавата на политичката партија ја претставува главнината на веста (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 10).

*Табела/Графикон 10. Реакција од политичка партија како главнина на веста, според медиум.*

| ТВ канал * Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? Crosstabulation | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | | Вкупно |
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 27 | 8 | 35 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 77.1% | 22.9% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 13 | 2 | 15 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 86.7% | 13.3% | 100.0% |
| | Сител | Број | 15 | 8 | 23 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 65.2% | 34.8% | 100.0% |
| | Телма | Број | 11 | 11 | 22 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 50.0% | 50.0% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 8 | 3 | 11 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 72.7% | 27.3% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 74 | 32 | 106 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 69.8% | 30.2% | 100.0% |



Анализата на податоците во рамки на самата категорија покажа дека МТВ 1 и Сител имаат највисок процент на вести каде изјава на политичка партија е главнината на веста. Нешто понизок процент на вести од овој вид се емитувале на МТВ 2 и Телма, додека Алсат-М има најнизок процент на вести во рамки на оваа категорија (Табела/Графикон 31 во Анекс 1).

Улогата на овие изјави беше анализирана преку крос-табулација на податоците од категориите „главнина на веста" и „број на користени извори". Во рамки на оваа анализа се утврди дека 96,7% од прилозите кои се базирани на еден извор се темелат на изјава од политичка партија. Овој процент се намалува како што се зголемува бројот на извори на кои се темели веста, па во рамки на вестите базирани на три или повеќе извори, изјава на политичка партија претставува главнина на веста во само 20% од прилозите (резултатите се прикажани во Табела /Графикон 32 во Анекс 1). Доколку се има предвид дека вестите базирани на еден извор сочинуваат една третина од сите прилози за корупција (дополнителни резултати се приложени и дискутирани во потпоглавјето 3.11), може да се констатира дека политичките партии имаат значајна улога во известувањето за корупција.

Покрај анализата за присуството и улогата на партиските изјави во известувањето за корупција, во рамки на анализата беше разгледувано и кои партиски изјави биле презентирани први, односно на кои е можно веста да е базирана или се однесува на реакција на партијата по повод обвинувања на функционери од истата за корупција. Анализата на податоците покажа дека во најголем дел од прилозите изјавите на ВМРО-ДПМНЕ биле презентирани први. Останатите партии, вклучително и партиите од владејачката коалиција, имаат значајно понизок процент во рамки на изјавите кои се презентирани први (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 33 во Анекс 1).

Анализата на податоците според телевизиската куќа покажа дека во прилозите на МТВ 1 доминира ВМРО-ДПМНЕ со први изјави, додека само кај една вест изјавата од СДСМ била емитувана прва. Слична е ситуацијата и кај МТВ 2, со тоа што на овој канал не е емитувана ниту една изјава од СДСМ како прва, а емитувани се три изјави од Алијанса за Албанците и ДУИ. На Сител исто така доминираат партиските изјави на ВМРО-ДПМНЕ презентирани први во прилозите за корупција. Во само 9,1% од прилозите изјавите од СДСМ биле презентирани први, додека не постојат случаи на објавување на изјава на партија од албанскиот политички блок како прва. Иста ситуација е забележана и во случајот на телевизија Телма. Во околу две третини од партиските изјави презентирани на телевизија Алсат-М изјавите од ВМРО-ДПМНЕ биле презентирани први, додека во по еден прилог изјавите на останатите партии биле презентирани први (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 33 во Анекс 1).

Анализата на податоците во рамки на категоријата (политичка партија чија изјава е објавена прва) покажаа дека телевизија Сител има најголем удел во објавените изјави од СДСМ како први, МТВ 1 има најголем удел во објавените изјави од ВМРО-ДПМНЕ како први, МТВ 2 има најголем удел во изјавите од Алијанса на Албанците, додека единствената главна изјава од БЕСА е пренесена од Алсат-М (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 11).

*Табела / Графикон 11. Прва пренесена реакција на политичка партија, според медиум.*

| ТВ канал * Која партија (прва) Crosstabulation | | | Која партија (прва) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | СДСМ | ВМРО ДПМНЕ | ДУИ | Алијанса на Албанците | БЕСА | Вкупно |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 1 | 34 | 0 | 0 | 0 | 35 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 20.0% | 36.6% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 33.7% |
| | МТВ2 | Број | 0 | 12 | 1 | 2 | 0 | 15 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 0.0% | 12.9% | 50.0% | 66.7% | 0.0% | 14.4% |
| | Сител | Број | 2 | 20 | 0 | 0 | 0 | 22 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 40.0% | 21.5% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 21.2% |
| | Телма | Број | 1 | 20 | 0 | 0 | 0 | 21 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 20.0% | 21.5% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 20.2% |
| | Алсат | Број | 1 | 7 | 1 | 1 | 1 | 11 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 20.0% | 7.5% | 50.0% | 33.3% | 100.0% | 10.6% |
| Вкупно | | Број | 5 | 93 | 2 | 3 | 1 | 104 |
| | | % во рамки на која партија (прва) | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Во рамки на анализата беше земено предвид и тоа дали се пренесуваат реакции од повеќе политички партии. Реакција од друга партија била пренесена во 8,8% од сите емитувани прилози. Анализата на податоците според тоа која партиска изјава била пренесена втора, покажа дека во најголем дел од случаите се работи за изјави од СДСМ (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 34 во Анекс 1).

Сите втори изјави на МТВ 1, МТВ 2 и телевизија Телма биле на СДСМ. Висок е процентот и кај телевизиите Сител и Алсат-М (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 12).

*Табела/Графикон 12. Втора пренесена реакција на политичка партија, според медиум.*

**ТВ канал * Која партија (втора) Crosstabulation**

| | | | Која партија (втора) | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | СДСМ | ВМРО ДПМНЕ | Алијанса на Албанците | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 14 | 0 | 0 | 14 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 7 | 0 | 0 | 7 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0% |
| | Сител | Број | 5 | 2 | 0 | 7 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 71.4% | 28.6% | 0.0% | 100.0% |
| | Телма | Број | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 4 | 1 | 1 | 6 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 66.7% | 16.7% | 16.7% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 32 | 3 | 1 | 36 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 88.9% | 8.3% | 2.8% | 100.0% |




Во рамки на категоријата, најмногу втори изјави од СДСМ пренесувала МТВ1, додека Сител пренел најмногу втори изјави од ВМРО-ДПМНЕ (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 35 во Анекс 1).

## 3.9 Вклученост на институции

Со анализата се настојуваше да се открие дали прилозите опфаќаат општи теми врзани за корупција или станува збор за прилози каде се засегнати конкретни институции и кои се тие институции. Анализата на податоците покажа дека во 82,1% од случаите веста се однесувала на конкретна институција (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 36 во Анекс 1).

Иако беа забележани извесни разлики според медиумот, сепак процентот на прилози за корупција кои се однесуваат на некоја институција е висок кај сите телевизии кои беа предмет на мониторинг. Најмалку вакви вести имала МТВ 2 (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 13). Телевизија Телма имала најголем удел во вести кои се однесуваат на одредена институција, кога податоците беа анализирани во рамки на категоријата (резултатите се прикажани во Табела/Графикон 37 во Анекс 1).

*Табела / Графикон 13. Број на прилози кои се однесуваат на некоја институција, според медиум.*

**ТВ канал * Дали веста се однесува на некоја институција? Crosstabulation**

| | | | Дали веста се однесува на некоја институција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 66 | 6 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 91.7% | 8.3% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 43 | 22 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 66.2% | 33.8% | 100.0% |
| | Сител | Број | 72 | 6 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 92.3% | 7.7% | 100.0% |
| | Телма | Број | 96 | 16 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 85.7% | 14.3% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 57 | 23 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 71.3% | 28.7% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 334 | 73 | 407 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 82.1% | 17.9% | 100.0% |



Од прегледот на институциите кои биле инволвирани во прилозите за корупција, најголем дел од вестите се однесуваат на Кривичниот суд, Министерството за внатрешни работи, СЈО и Општина Струмица. Резултатите за најчесто инволвираните институции се презентирани во Табели/Графикони 39 и 40 во Анекс 1 од овој извештај. Со исклучок на Општина Струмица, станува збор за институции кои инхерентно се врзани за темата корупција. Доколку се земе предвид дека во периодот на мониторингот интензивно беше покриван текот на судските постапки покренати од СЈО против функционери од претходната владејачка гарнитура, фреквенцијата на инволвирање на овие институции во прилозите е очекувана. Во периодот за време на кој беше реализиран мониторингот, релевантни засегнати институции во прилозите за корупција биле и Владата на РМ, ЕЛЕМ, Министерството за култура и Министерството за здравство.

## 3.10 Вклученост на граѓански организации

Релевантен аспект од анализата беше и да се утврди дали и во колкав степен се вклучува/ известува за работата на граѓански организации кои работат на откривање на теми врзани за корупција. Во поглед на ова прашање, анализата на податоците покажа дека помалку од 10% од прилозите вклучуваат изјави или извори на информации од граѓански организации, што е навистина ниско доколку се има предвид бројот и квантитетот на проекти кои се однесуваат на добро владеење и борба против корупцијата (резултатите се прикажани во Табела / Графикон 41 во Анекс 1). Интересно е што во ниту еден прилог не се реферира за работата на организации на новинари кои работат на проекти за истражувачко новинарство. Ова е можен показател за маргинализираниот третман на работата на овие организации во мејнстрим медиумите.

Анализата на податоците според медиумот во рамки на категоријата покажа дека најголемиот број прилози во кои се пренесува / известува за граѓанска организација доаѓаат од телевизија Телма, на која отпаѓаат речиси половина од сите прилози, следена е од МТВ 1, додека најмалку вакви прилози биле застапени на МТВ 2 (Табела/Графикон 14). Анализата на податоците според медиум и во овој случај покажа дека телевизија Телма најмногу во своите вести користела изјави/ извори од граѓански организации. Ова најмалку било застапено на Сител и МТВ 2 (Табела/Графикон 42 во Анекс 1).

*Табела / Графикон 14. Број на вести кои се однесуваат на некоја граѓанска организација, според медиум.*

## ТВ канал * Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? Crosstabulation

| | | | Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 8 | 64 | 72 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 20.0% | 17.4% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 3 | 62 | 65 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 7.5% | 16.9% | 16.0% |
| | Сител | Број | 4 | 74 | 78 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 10.0% | 20.2% | 19.2% |
| | Телма | Број | 20 | 92 | 112 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 50.0% | 25.1% | 27.5% |
| | Алсат | Број | 5 | 75 | 80 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 12.5% | 20.4% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 40 | 367 | 407 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



Меѓу организациите кои се наведени како извори на информации или чии изјави се вклучени во прилозите најчесто се споменуваат Транспаренси Интернешенел, потоа Метаморфозис и Коалицијата на граѓански организации за борба против корупцијата. Генерално, податоците покажуваат дека бројот на граѓански организации кои се вклучени во известувањето за корупција останува исклучително низок.

Иако во анализата не беше вклучено прашањето за тоа дали информациите од/за граѓанска организација ја сочинуваат главнината на веста, сепак беше направен обид посредно да се дојде до одговор преку крос-табулација на податоците за известување за граѓанска организација и број на користени извори. Имено, анализата покажа дека известувањето за граѓански организации во контекст на темата корупција доминираат во прилозите базирани на три или повеќе од три извори. Најмалку застапени се во прилозите со еден извор, што упатува на можен заклучок дека граѓанските организации најчесто не се главниот извор на веста (Табела/Графикон 44 во Анекс 1).

## 3.11 Број на користени извори

Известувањето за корупција претставува дел од новинарската работа кој подразбира исцрпно истражување, консултирање и презентирање на аспекти и перспективи од повеќе извори. Во овој контекст, бројот на извори врз кои е базирана веста претставува индикатор за исцрпноста во обработката на темите. Резултатите од статистичката обработка на податоците покажаа дека најголем дел од вестите реферираат на еден или два извори. Значително помал е бројот на вести кои се базирани на три извори. Само 6.4% од прилозите црпат информации од повеќе од три извори (Табела/Графикон 45 во Анекс 1).

Најголем дел од прилозите емитувани на МТВ 1 се базирани на еден или два извори. Прилозите емитувани на МТВ 2 во најголем дел се базираат на два извори. Во случајот на телевизиите Сител и Телма прилозите во најголем дел се базирани на еден или два извори. Алсат-М, МТВ 2 и Телма се единствените телевизии кои презентирале прилози базирани на повеќе од три извори. Алсат-М во најголем дел ги базира своите прилози на два или три извори (Табела/Графикон 15).

*Табела / Графикон 15. Број на извори на кои е базирана веста, според медиум.*

## ТВ канал * На колку извори референира веста? Crosstabulation

| | | | На колку извори реферира веста? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Еден | Два | Три | Повеќе од три | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 34 | 33 | 5 | 0 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 47.2% | 45.8% | 6.9% | 0.0% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 10 | 32 | 16 | 7 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 15.4% | 49.2% | 24.6% | 10.8% | 100.0% |
| | Сител | Број | 35 | 35 | 8 | 0 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 44.9% | 44.9% | 10.3% | 0.0% | 100.0% |
| | Телма | Број | 43 | 42 | 19 | 8 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 38.4% | 37.5% | 17.0% | 7.1% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 13 | 26 | 30 | 11 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 16.3% | 32.5% | 37.5% | 13.8% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 135 | 168 | 78 | 26 | 407 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 33.2% | 41.3% | 19.2% | 6.4% | 100.0% |



Анализата на податоците во рамки на категоријата (на колку извори е базирана веста) покажува дека прилозите на телевизија Телма се најбројни во категориите со еден и два извори. Прилозите од Алсат-М имаат најголем удел во категоријата прилози од три извори. Алсат-М и Телма исто така имаат најголем удел во категоријата прилози со повеќе од три извори (Табела/Графикон 46 во Анекс 1).

## 3.12 Заклучок

Резултатите од реализираниот мониторинг упатуваат на заклучок дека иако корупцијата како тема е застапена во телевизиските медиуми, сепак известувањето за корупција претежно се врзува за пренесување вести за актуелни настани, при што доминира неутралниот тон во известувањето. Потребно е да се забележи дека темата корупција најмалку е покриена на каналите од јавниот сервис, како во поглед на број на известувања, така и во поглед на времетраење на прилозите и бројот на користени извори. Сепак, во поглед на неколку параметри забележана е разлика меѓу каналите од јавниот сервис, при што МТВ 2 се издвојува според нивото на известување, но и според бројот на користени извори. Имајќи предвид дека станува збор за медиуми кои се дел од јавниот сервис чија мисија е да обезбедат навремено и квалитетно информирање на граѓаните за теми од јавен интерес, загрижува фактот што корупцијата како тема е несоодветно застапена.

Од друга страна, телевизиите Алсат-М и Телма се издвоија во поглед на повисокиот број на емитувани прилози за корупција, времетраење на прилозите, позиција на веста, највисокиот процент на реализирани анализи, како и највисок процент на вести со три или повеќе извори.

Околу една третина од прилозите беа емитувани како главни вести, што на прв поглед упатува на маргинален третман на овие теми во уредувачките политики на медиумите. Сепак, овој податок треба да се интерпретира во согласност со контекстот на медиумско известување, односно видот и темите на известување, меѓу кои доминантни беа информативни прилози во чии рамки значајно место имаше известувањето за текот на судските постапки против поранешни функционери, каде многу тековни информации не беа дел од главните вести. Релевантно е да се спомене дека во периодот на мониторингот централно место во известувањето беа темите врзани за спорот со името и други надворешно-политички прашања.

Од аспект на жанровското покривање на темите за корупција доминира категоријата „вест", што упатува на заклучокот дека не се вложуваат доволно напори за исцрпно покривање на овие теми, односно дека известувањето за корупција е придружено со минимално вложување на ресурси во развивањето на прилогот. Исклучоците, телевизиите Телма и Алсат-М кои имаат најмногу прилози-анализи, претставуваат медиуми во кои корупцијата е релевантна тема на други програми и кои имаат новинарски тимови кои работат на овие теми.

Генерално, во известувањето за корупција доминираат актуелни настани. Иако е земен предвид и фактот што значаен дел од прилозите известуваат за тековни судски постапки, сепак не може да се занемари податокот кој упатува на исклучително мал интерес за минати настани. Градењето на клима за борба против корупцијата претпоставува и следење на евентуалните последици/акции од претходни корупциски

скандали. Занемарувањето на овие теми не придонесува за развивањето свест за крајниот резултат (санкција, променета пракса) од случаите.

Телевизиите кои беа предмет на мониторинг предоминантно известуваат за случаи од национално значење. Констатирано беше дека темите со локално значење се занемарени во известувањето на националните телевизии. Ако се има предвид дека дел од соговорниците истакнаа дека корупцијата на локално ниво е сериозен проблем, неизвестувањето за овие теми го маргинализира нивното значење.

Околу една четвртина од емитуваните прилози содржат изјави од политички партии, при што во повеќе од две третини од овие случаи изјавата на политичката партија е главнина на веста. Анализата на податоците покажа дека во голем дел од известувањето кое се потпира на еден извор, тој извор е политичка партија, што упатува на заклучокот дека политичките партии имаат релевантна улога како извор на информации во известувањето за корупција. Ако се има предвид фактот дека голем дел од известувањата се базираат на еден извор, тоа претставува значаен проблем од аспект на професионалноста и непристрасноста во известувањето за комплексен феномен каков што е корупцијата.

Конечно, податоците укажаа на исклучително низок степен на соработка со граѓанскиот сектор. Само 10% од емитувани прилози се базираат на извор или содржат коментар до граѓанска организација. Имајќи ја предвид инволвираноста на значаен дел од граѓанскиот сектор на полето на сузбивање на корупцијата, податоците упатуваат на заклучокот дека резултатите од нивните напори се маргинализирани во медиумското известување.

# 4. Интервјуа со засегнати страни

Резултатите од квантитативната анализа говорат за состојби и трендови во медиумското известување во даден временски период, односно говорат за готовиот медиумски производ кој се презентира пред јавноста. Сепак, анализата на известувањето за корупција претпоставува и истражување на факторите и околностите кои го дефинираат начинот на кој се известува за овој проблем. Со цел да се добијат продлабочени сознанија за третманот на темите врзани за корупција во новинарството, беа реализирани полуструктурирани интервјуа со новинари и уредници од различни медиуми (телевизија, печатени медиуми, веб портали). За потребите на истражувањето беа реализирани петнаесет интервјуа во периодот јули-август 2018 година. Белешките беа подложени на квалитативна анализа, а резултатите се презентирани во ова поглавје.

Генерално, соговорниците не изразија задоволство од квантитетот и квалитетот на известувањето за корупција. Беа изнесени повеќе фактори кои влијаат на капацитетот на медиумите адекватно да ги адресираат овие теми.

## 4.1 Слобода на известување и изразување

Значаен дел од соговорниците проблемите врзани за известувањето за корупцијата ги врзуваат за општата политичка состојба во земјата – недостиг од демократски капацитети на носителите на моќ, клиентелистички врски помеѓу политичките, бизнис елитите и медиумите. Имено, во последната деценија и пол овие врски беа засилени делумно преку навлегување на бизнис елитите на медиумскиот пазар преку сопствени медиумски куќи, користејќи ги истите за своите бизнис и политички интереси. Медиумите не ја исполнуваат својата watchdog функција според дел од соговорниците, бидејќи во голем дел од случаите се инструмент за меѓусебни пресметки меѓу политичките опоненти.

Во поглед на слободата за медиумско известување одговорите на соговорниците беа значајно поделени. Според некои, силните притисоци врз новинарите карактеристични за претходната владејачка гарнитура се значајно ослабени. Според други, сè уште постојат силни спреги меѓу политичките и економските елити и методите со кои овие елити одржуваат притисок врз медиумите остануваат исти. Беше изразен одреден оптимизам во контекст на поголемата будност на јавноста, која поактивно ги следи вестите за корупција и манифестира проактивен однос во поглед на барање одговорност од властите.

Некои соговорници изразија изневерени очекувања во поглед на најавените реформи во медиумската сфера во поглед на обезбедувањето клима за поефикасно дејствување на регулаторните тела, но од друга страна и во поглед на подготвеноста на новата владејачка гарнитура да се справи со корупцијата во сопствените редови.

Во контекст на тековните напори за реформа на законската регулатива беше изразен скептицизам во поглед на потенцијалот законските

реформи да иницираат позитивни промени на среден или долг рок. Потребно е овие реформи континуирано да се набљудуваат со цел да се обезбеди клима за унапредување на условите за работа на медиумите. Појавата на нови форми на електронско информирање (пред сѐ преку интернет портали) и недостигот од регулација беше истакнат како уште еден проблем. Имено, беше констатирано дека кај многу од овие медиуми недостигот од регулација е придружен и со недостиг од професионална и етничка одговорност во известувањето, што дополнително ја нарушува веќе разнишаната доверба на јавноста во медиумите.

Во контекст на улогата на сопственичките односи и одржувањето клиентелистички врски со центрите на моќ, некои соговорници истакнаа дека е потребна регулација и стимулирање на акционерски систем на сопственииштво на медиумите. Дополнително беше истакната потребата повнимателно да се следи работата на медиумите, досието/портфолиото на медиумот и ова да биде земано предвид при обновување на лиценцата за работа, но и во случаи на обезбедување евентуална поддршка од државата.

## 4.2 Ограничени ресурси

Уште еден релевантен фактор кој ја обликува медиумската средина во контекст на известувањето за корупција се однесува на капацитетите (финансиски, човечки) на медиумите да откриваат и да работат на теми врзани за корупција. Беше констатирана униформираност на медиумите од програмски и содржински аспект, вклучително и кога станува збор за известувањето за корупција. Во овој контекст, респондентите ги истакнаа силните финансиски проблеми со кои се соочуваат медиумите во земјата. Имено, во последната деценија бројот на активни медиуми (особено национални телевизии) е зголемен до степен да не може да се обезбеди одржливост на пазарот. Дел од медиумите кои се појавија како резултат на обидот на претходната власт да обезбеди посилно влијание врз јавното мислење беа помалку или повеќе отворено финансиски поддржувани преку рекламни средства од буџетот. Покрај оскудниот пазар за реклами, драстичното намалување на рекламирање од буџетски средства исто така оствари импакт врз медиумскиот пазар. Постои воздржување од рекламирање и од страна на приватниот сектор, што претставува дополнителен удар за финансиската одржливост на медиумите и нивните капацитети професионално да ја исполнуваат својата мисија. Ова се потврдува и со последниот Извештај на Агенцијата за аудио-визуелни медиуми за 2017 година, каде стои дека во минатата година во рамки на аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија се остварени најниски вкупни приходи во споредба со последните пет години[5].

Известувањето за теми врзани за корупција претставува потфат кој бара одвојување на значително повеќе ресурси, материјални и човечки, за реализација на професионално истражувачко новинарство. Голем дел од медиумите не можат да си дозволат долгорочен ангажман на новинари на истражувачки стории, за чија подготовка (истражување и презентација) се потребни и

5 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2018. *Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година*. Скопје: АААВМУ.

значајни материјални ресурси. Она што е потребно да се нагласи во овој контекст е дека известувањето за корупција на телевизијата како медиум бара дополнителни ресурси врзани не само за истражувачкиот потфат, туку и за медиумската презентација (снимање на терен, обезбедување на извори пред камера, продукција), што ефективно го прави телевизиското истражувачко новинарство поскап потфат отколку на пример во печатените медиуми.

Дополнителен проблем претставуваат и човечките ресурси во рамки на телевизиските информативни редакции. Затворањето на повеќе печатени медиуми доведе до тоа новинарите да се ориентираат кон добивање на каква било работа во медиумскиот сектор. Констатирана беше презаситеност на пазарот со медиуми и новинари. Она што беше идентификувано како релевантен проблем од страна на соговорниците е отсуството на истражувачко новинарство како посебен фокус во рамки на формалното образование на новинарите. Беше истакнато дека во ниту една високообразовна програма не се обезбедува адекватна подготовка на идните новинари за работа на истражувачки стории, што подразбира не само почитување на професионалните стандарди во известувањето, туку и развивање на вештини за пристап до обработка и анализа на податоците. Овој вид на подготовка се нуди во рамките на неформалното образование, главно преку професионални здруженија и граѓански организации на проектна основа. Но, овие можности се инцидентни, па градењето на овие капацитети е оставено на самите новинари. Релевантен проблем во овој контекст претставува и намалениот интерес кај младите за студирање новинарство.

## 4.3 Односи со граѓанскиот сектор

Соговорниците изразија поделени мислења околу поддршката на истражувачко новинарство на проектна основа преку медиуми/граѓански организации, кои преку грантови се поддржани да работат на истражувачко новинарство. Дел од соговорниците истакнаа дека ова е можеби единствениот начин на занимавање со истражувачко новинарство во дадената констелација на односи. Освен што овозможува наменски средства за истражувачко новинарство, овој вид поддршка обезбедува и своевидна заштита на новинарите од притисоци од страна на политичките и економските елити. Сепак, запрашани каков е потенцијалот овие иницијативи на долг рок да го унапредат известувањето за корупција, најголемиот дел од соговорниците беа скептични – од една страна поради ограниченото времетраење на овие иницијативи и недостатокот од систематска долгорочна поддршка, но и поради фактот што овој вид поддршка може на извесен начин да ги дискредитира медиумите од аспект на застапување интереси на засегнатите страни - донатори. Беше изразена и недоверба околу критериумите според кои се доделуваат грантови. Според некои соговорници, грантовски обезбедените средства се недоволни за да може квалитетно да се работи истражувачко новинарство, а беше изразена и скептичност во поглед на исцрпноста во работата која се обезбедува во рамки на овој вид поддршка. Сепак, мнозинството од соговорниците се согласија дека како резултат на оваа поддршка беа идентификувани и презентирани пред јавноста повеќе релевантни теми кои инаку не би можеле исцрпно да бидат истражени.

### 4.4 Интерес да се работи на проблемот на корупција

Она што беше истакнато е дека интересот за работа на истражувачко новинарство меѓу самите новинари е опаднат. Некои соговорници истакнаа дека положбата во која се наоѓаат новинарите (несигурна и ниско платена работа), но и фактот што во најголем дел од случаите постои нереспонзивност од страна на институциите адекватно да ги адресираат случаите на идентификувани потенцијални коруптивни дејствија, демотивирачки влијае врз подготвеноста на новинарите да се занимаваат со оваа тема. Во контекст на изразената несигурност беше истакнато дека е потребна поголема заштита и поддршка од страна на уредниците и сопствениците. Голем дел од вестите се сведуваат на реакција и контрареакција, односно меѓусебни препукувања меѓу политичките партии без исцрпна анализа. Приказните не се следат до крај – не се знае за исходот од случаите на корупција, што не придонесува за градење култура на казнивост.

Во овој контекст, соговорниците беа прашани за мислење за процесот на дизинтермедијација, односно преземањето на дел од улогата на медиумите од страна на ПР службите на Владата. Во поглед на ова прашање соговорниците имаа поделени мислења. За некои соговорници овој концепт е проблематичен од аспект што го обликува медиумскиот продукт, додека новинарите стануваат само канал на пренесување на однапред подготвени известувања што може да ги направи новинарите „мрзливи". Според други, ова претставува следење на новите трендови во информирањето и како таков претставува нов вид на транспарентност. Она што останува на новинарите е да се прилагодат на новите канали и методи на комуникација и да ги искористат за поефикасно комуницирање со засегнатите страни.

Во контекст на темата, од страна на некои соговорници беше истакнато дека постои воздржаност меѓу новинарите да се конфронтираат со власта на јавни настани, делумно поради несигурност и самоцензура, но делумно и поради недостигот од компетитивност во самата медиумска сфера. Недостигот од компетитивност може да се врзе и за непостоењето на систем за професионално напредување и отсуство на култура на натпревар.

Работата на јавниот сервис беше посочена како уште еден проблем на полето на обезбедување непристрасно и професионално известување за корупција. И покрај фактот што само во јавниот сервис работат повеќе новинари и медиумски работници отколку во сите телевизиски куќи заедно и покрај ресурсите што ги добива од буџетот, сепак корупцијата е тема која е апсолутно недоволно застапена во рамки на известувањето на јавниот сервис. Ова беше потврдено и со резултатите од квантитативната анализа, кои покажаа дека каналите од јавниот сервис (МТВ 1 и МТВ 2) најмалку известуваат за теми врзани за корупција, имаат најмал број истражувачки стории и најчесто известувањето за корупција е сведено на пренесување тековни информации. Наместо јавниот сервис да биде предводник во професионалното известување за корупција, на содржините од оваа сфера им се придава маргинално значење во уредувачката политика.

Најчесто новинарите се зафаќаат со теми за кои постои висок јавен интерес и кои се лесни за истражување. Честопати самите стории не се иницирани како резултат на внимателно следење на работата на одредени институции/

функционери, туку по добивање информации од трети страни. Ова не би претставувало проблем доколку дојавата е следена од професионалност во обработката на темата, во спротивно, постои опасност од пристрасност во известувањето и губење на довербата во медиумите. Постојат сфери во општеството каде иако корупција постои, сепак не се предмет на соодветен интерес од страна на новинарите. Освен судството, посебно беше издвоена локалната власт каде постои силен потенцијал и индиции за злоупотреби, а која тема е недоволно застапена во известувањето за корупција.

## 4.5 Соработка со институциите

Релевантен проблем во истражувањето теми врзани за корупција претставува соработката на институциите, како во поглед на добивање на потребни информации, така и во поглед на респонзивноста на институциите во однос на идентификувани случаи на можна корупција. Имено, беше истакнато дека институциите не се доволно транспарентни во објавување на информации од јавен карактер (иако беше нотирано дека состојбата е значително подобрена во изминатиот период), дека недостасува култура на соработка со медиумите, како и дека не постои соодветна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во поглед на примената на законот, беше истакнато дека институциите често практикуваат одолговлекување и одбивање да се обезбедат бараните информации. Проблем претставува и недостигот од дигитална култура во поглед на презентирањето информации кај институциите.

Некои од соговорниците изразија скептицизам во поглед на новите форми на комуникација на владата со медиумите и јавноста и поголемата транспарентност. Постои несигурност во поглед на подготвеноста на властите да поддржат развивање на средина на слободно медиумско известување. Меѓу одреден број соговорници беше истакнат и страв во поглед на можни реперкусии од работа на теми врзани за корупција. Имено, продолжуваат врските помеѓу одредени бизнис елити и  структури на политичка моќ (преку поддршка од власта, олеснувања и слично). Овие врски потоа се рефлектираат и во соработката со медиумите, па на овој начин се овозможува структурите на моќ да продолжат со индиректен притисок врз медиумите преку пазарот на реклами. Постоењето на веб портали кои функционираат без никаква регулација, кои често се инструмент на политичките актери за ширење дезинформации, а кои индиректно добиваат поддршка од овие засегнати страни, е уште еден удар врз финансиската одржливост на традиционалните медиуми. Дополнително беа посочени и најновите измени на Изборниот законик како уште една форма на држење на медиумите во состојба на послушност преку обезбедување на поголем буџет за предизборни кампањи со јавни средства. Некои соговорници отворено изразија сомнеж дека ова претставува нов начин медиумите да се пасивизираат со „субвенционирање” на медиумскиот пазар со парите на граѓаните.

# 5. Заклучок

Резултатите од мониторингот на пет национални телевизии, како и сознанијата добиени во рамки на квалитативната анализа, упатуваат на заклучокот дека во поглед на известувањето за корупција постојат големи сличности во темите и начинот на кој се известува помеѓу телевизиите. Иако апсолутниот број на прилози за корупција не е мал, сепак во рамки на известувањето доминираат вести каде се пренесуваат информации без посеопфатна анализа.

Само една третина од емитуваните прилози се емитувани како главни вести. Дополнително, во случајот на одредени медиуми, прилозите за корупција иако вклучени во рамки на главната најава често се презентирани на крајот од вестите, што го доведува во прашање нивниот третман на главни вести. Најголем дел од емитуваните прилози спаѓаат во категоријата „вест" придружени со неутрален тон во известувањето. Бројот на вести оценети како пристрасни е мал, а подеднаква пристрасност е манифестирана и кон власта и опозицијата. Бројот на анализи е исклучително мал, а главно се застапени во известувањето од медиуми кои имаат и посебни програми за истражувачко новинарство. Речиси и да не се застапени анализи на каналите од јавниот сервис.

Загрижувачко е тоа што известувањето за корупција во голем дел од случаите се базира на мал број извори (еден или два), што упатува на минимално професионално вложување во известувањето за оваа сфера. Во известувањето за корупција медиумите во прилозите вклучуваат изјави на политички партии, при што значаен дел од прилозите што содржат вакви изјави се базирани на еден, најмногу два извори. Ова ја потврдува констатацијата дека е присутна пракса на известување сведена на изјави и реакции од политичките партии. Дополнително, ова упатува на заклучокот дека политичките партии се користат како извор на информации за темите врзани за корупција, што само по себе не е проблем доколку не се стави во контекст на недостигот од истражувачка работа. На овој начин се отвора пат кон еднострано/пристрасно информирање.

Недоволно внимание се посветува на теми од локален карактер, како и на работата на граѓански организации кои се вклучени во борбата против корупцијата. Особено треба да се забележи исклучително ниската застапеност на прилози кои вклучуваат изјави/се однесуваат на граѓански организации, што претставува неискористен потенцијал на полето на градењето клима за борба против корупцијата.

Кога станува збор за околината во чии рамки се обликува медиумското известување за корупција, може да се заклучи дека постојат повеќе фактори кои инхибирачки влијаат на развивањето на слободно, објективно и професионално истражувачко новинарство на теми врзани за корупција. Презаситеноста на медиумскиот пазар, стеснувањето на изворите на приходи, како и конкуренцијата од страна на новите форми на масовно информирање, ги ограничуваат можностите на медиумите да поддржуваат екстензивно истражување и работа на теми врзани за корупција. Постои поделеност во поглед на

моменталните состојби во однос на слободата на медиумите – од една страна  намалување на притисоците врз медиумите, а од друга страна постои очекување дека механизмите со кои политичките и економските елити одржуваат притисок врз медиумите ќе останат исти.

Во случаите кога вакви иницијативи постојат, медиумите често се соочуваат со несоработка од страна на институциите, отежнат пристап до информации, а во одредени случаи и со директни или индиректни притисоци од центрите на моќ. Иако се забележува напредок, сепак меѓу голем дел од соговорниците преовладува скептицизам во поглед на трајно унапредување на состојбите. Постои недоволен интерес и кај уредниците и кај новинарите да работат на теми кои можат да ги доведат во конфликт со структурите на моќ. Несигурноста која ја дефинира новинарската работа креира состојба на отсуство на култура на натпревар и го поткопува професионалниот дигнитет на новинарите и уредниците.

Постои недоверба во поглед на потенцијалите на најавените реформи да придонесат кон позитивна промена во медиумската сфера. Недостигот од регулација е придружен и со недостиг од професионална и етничка одговорност во известувањето, што дополнително ја нарушува веќе разнишаната доверба на јавноста во медиумите. Во овој контекст се изразува потреба од поефективна регулација, но и поголемо вмрежување на новинарите на национално и регионално ниво во контекст на размена на искуства, соработка на заеднички проекти и размена на добри практики. Потребно е континуирано градење на капацитетите на новинарите за работа на истражувачки стории, пребарување и анализа на податоци.

# 6. Библиографија


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2018. Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година. Скопје: АААВМУ.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2018. Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, (прв квартал од 2018). Скопје: АААВМУ. Достапно на: https://bit.ly/2wAKSCU

European Commission. 2018. The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2018 Report. Достапен на: https://www.sobranie.mk/content/republic-of-macedonia-report%2017.4.18.pdf

Freedom House. 2017. *Freedom of Media Report*. Достапен на: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2017/macedonia

Stapenhurst, Rick. 2000. The Media's Role in Curbing Corruption. World Bank Institute.

# 7. Анекс 1: Табели и графикони

*Табела/Графикон 16. Просечна должина на емитуван прилог.*

**Просечна должина на емитуван прилог**

| | Број | Минимум | Максимум | Просечна должина | Стандардна девијација |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина на веста | 405 | 0.15 | 12.16 | 1.9188 | 1.11536 |
| Валиден N (listwise) | 405 | | | | |

*Табела/Графикон 17. Главни и споредни емитувани вести.*

**Дали веста е главна или споредна?**

| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Валиден | Да | 134 | 33.0 | 33.0 | 33.0 |
| | Не | 272 | 67.0 | 67.0 | 100.0 |
| | Вкупно | 406 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 18. Главни и споредни вести според канал, удел во категоријата.*

## ТВ канал * Дали веста е главна или споредна? Crosstabulation

| | | | Дали веста е главна или споредна? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 12 | 60 | 72 |
| | | % во рамки на категоријата | 9.0% | 22.1% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 28 | 37 | 65 |
| | | % во рамки на категоријата | 20.9% | 13.6% | 16.0% |
| | Сител | Број | 20 | 58 | 78 |
| | | % во рамки на категоријата | 14.9% | 21.3% | 19.2% |
| | Телма | Број | 40 | 71 | 111 |
| | | % во рамки на категоријата | 29.9% | 26.1% | 27.3% |
| | Алсат | Број | 34 | 46 | 80 |
| | | % во рамки на категоријата | 25.4% | 16.9% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 134 | 272 | 406 |
| | | % во рамки на категоријата | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 19. Жанровска застапеност на прилози за корупција.*

| Жанр | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Вест | 295 | 72.7 | 72.7 | 72.7 |
| Коментар | 75 | 18.5 | 18.5 | 91.1 |
| Анализа | 36 | 8.9 | 8.9 | 100.0 |
| Вкупно | 406 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 20. Жанровска застапеност на прилози за корупција според ТВ канал, удел во категоријата.*

## ТВ канал * Жанр Crosstabulation

| | | | Жанр | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вест | Коментар | Анализа | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 62 | 10 | 0 | 72 |
| | | % во рамки на Жанр | 21.0% | 13.3% | 0.0% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 64 | 0 | 1 | 65 |
| | | % во рамки на Жанр | 21.7% | 0.0% | 2.8% | 16.0% |
| | Сител | Број | 51 | 25 | 2 | 78 |
| | | % во рамки на Жанр | 17.3% | 33.3% | 5.6% | 19.2% |
| | Телма | Број | 57 | 40 | 14 | 111 |
| | | % во рамки на Жанр | 19.3% | 53.3% | 38.9% | 27.3% |
| | Алсат | Број | 61 | 0 | 19 | 80 |
| | | % во рамки на Жанр | 20.7% | 0.0% | 52.8% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 295 | 75 | 36 | 406 |
| | | % во рамки на Жанр | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 21. Застапеност на актуелни и минати настани.*

| Дали веста е за настан од истиот ден? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Да | 315 | 77.6 | 77.6 | 77.6 |
| | Не | 91 | 22.4 | 22.4 | 100.0 |
| | Вкупно | 406 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 22. Покривање на тековни и минати вести според медиум, удел во категоријата.*

**ТВ канал * Дали веста е за настан од истиот ден? Crosstabulation**

| | | | Дали веста е за настан од истиот ден? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 52 | 20 | 72 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 16.5% | 22.0% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 62 | 3 | 65 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 19.7% | 3.3% | 16.0% |
| | Сител | Број | 63 | 15 | 78 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 20.0% | 16.5% | 19.2% |
| | Телма | Број | 78 | 33 | 111 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 24.8% | 36.3% | 27.3% |
| | Алсат | Број | 60 | 20 | 80 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 19.0% | 22.0% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 315 | 91 | 406 |
| | | % во рамки на Дали веста е за настан од истиот ден? | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 23. Значење / ниво на веста.*

| Значење/ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Национално | 346 | 85.0 | 85.0 | 85.0 |
| | Регионално | 3 | .7 | .7 | 85.7 |
| | Локално | 58 | 14.3 | 14.3 | 100.0 |
| | Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 24. Значење/ниво на веста според медиум, удел во категоријата.*

**ТВ канал * Значење/ниво Crosstabulation**

| | | | Значење/ниво | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Национално | Регионално | Локално | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 62 | 1 | 9 | 72 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 17.9% | 33.3% | 15.5% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 52 | 0 | 13 | 65 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 15.0% | 0.0% | 22.4% | 16.0% |
| | Сител | Број | 67 | 0 | 11 | 78 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 19.4% | 0.0% | 19.0% | 19.2% |
| | Телма | Број | 104 | 0 | 8 | 112 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 30.1% | 0.0% | 13.8% | 27.5% |
| | Алсат | Број | 61 | 2 | 17 | 80 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 17.6% | 66.7% | 29.3% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 346 | 3 | 58 | 407 |
| | | % во рамки на значење/ниво | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 25. Тон на веста.*

| Тон на веста | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Неутрален | 269 | 66.3 | 66.9 | 66.9 |
| | Критички | 108 | 26.6 | 26.9 | 93.8 |
| | Одобрувачки | 8 | 2.0 | 2.0 | 95.8 |
| | Пристрасен | 17 | 4.2 | 4.2 | 100.0 |
| | Вкупно | 402 | 99.0 | 100.0 | |
| Missing | System | 4 | 1.0 | | |
| Вкупно | | 406 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 26. Тон на веста според медиум, удел во категоријата.*

## ТВ канал * Тон на веста Crosstabulation

| | | | Тон на веста | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Неутрален | Критички | Одобрувачки | Пристрасен |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 49 | 19 | 2 | 2 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 18.2% | 17.6% | 25.0% | 11.8% |
| | МТВ2 | Број | 64 | 0 | 0 | 0 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 23.8% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| | Сител | Број | 49 | 20 | 2 | 7 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 18.2% | 18.5% | 25.0% | 41.2% |
| | Телма | Број | 45 | 54 | 4 | 8 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 16.7% | 50.0% | 50.0% | 47.1% |
| | Алсат | Број | 62 | 15 | 0 | 0 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 23.0% | 13.9% | 0.0% | 0.0% |
| Вкупно | | Број | 269 | 108 | 8 | 17 |
| | | % во рамки на Тон на веста | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 27. Насока на пристрасна вест.*

| тон.9а | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Власта | 15 | 3.7 | 51.7 | 51.7 |
| | Опозицијата | 14 | 3.4 | 48.3 | 100.0 |
| | Вкупно | 29 | 7.1 | 100.0 | |
| Missing | System | 378 | 92.9 | | |
| Вкупно | | 407 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 28. Прилози со изјава од политичка партија.*

| Дали веста содржи реакција на политичка партија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Да | 104 | 25.6 | 25.7 | 25.7 |
| | Не | 300 | 73.9 | 74.3 | 100.0 |
| | Вкупно | 404 | 99.5 | 100.0 | |
| Missing | System | 2 | .5 | | |
| Вкупно | | 406 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 29. Прилози со изјава од политичка партија според медиум, удел во категоријата.*

## ТВ канал * Дали веста содржи реакција на политичка партија Crosstabulation

| | | | Дали веста содржи реакција на политичка партија | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 34 | 38 | 72 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 32.7% | 12.7% | 17.8% |
| | МТВ2 | Број | 15 | 49 | 64 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 14.4% | 16.3% | 15.8% |
| | Сител | Број | 23 | 55 | 78 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 22.1% | 18.3% | 19.3% |
| | Телма | Број | 21 | 90 | 111 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 20.2% | 30.0% | 27.5% |
| | Алсат | Број | 11 | 68 | 79 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 10.6% | 22.7% | 19.6% |
| Вкупно | | Број | 104 | 300 | 404 |
| | | % во рамки на Дали веста содржи реакција на политичка партија | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 30. Прилози каде реакцијата на политичка партија е главнина на веста.*

| Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Да | 74 | 18.2 | 69.8 | 69.8 |
| | Не | 32 | 7.9 | 30.2 | 100.0 |
| | Вкупно | 106 | 26.0 | 100.0 | |
| Missing | System | 301 | 74.0 | | |
| Вкупно | | 407 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 31. Прилози каде реакцијата на политичка партија е главнина на веста според медиум, удел во категоријата.*

**ТВ канал * Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? Crosstabulation**

| | | | Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 27 | 8 | 35 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 36.5% | 25.0% | 33.0% |
| | МТВ2 | Број | 13 | 2 | 15 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 17.6% | 6.3% | 14.2% |
| | Сител | Број | 15 | 8 | 23 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 20.3% | 25.0% | 21.7% |
| | Телма | Број | 11 | 11 | 22 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 14.9% | 34.4% | 20.8% |
| | Алсат | Број | 8 | 3 | 11 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 10.8% | 9.4% | 10.4% |
| Вкупно | | Број | 74 | 32 | 106 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 32. Прилози со главнина на веста / број на извори на кои е темелена веста.*

## Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? *На колку извори реферира веста? Crosstabulation

| | | | На колку извори реферира веста? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Еден | Два | Три | повеќе од Три | |
| Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | Да | Број | 29 | 38 | 6 | 1 | 74 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 39.2% | 51.4% | 8.1% | 1.4% | 100.0% |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 96.7% | 66.7% | 42.9% | 20.0% | 69.8% |
| | Не | Број | 1 | 19 | 8 | 4 | 32 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 3.1% | 59.4% | 25.0% | 12.5% | 100.0% |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 3.3% | 33.3% | 57.1% | 80.0% | 30.2% |
| Вкупно | | Број | 30 | 57 | 14 | 5 | 106 |
| | | % во рамки на Дали реакцијата на политичката партија е главнината на веста? | 28.3% | 53.8% | 13.2% | 4.7% | 100.0% |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 33. Политичка партија чија реакција е пренесена прва.*

| Која партија (прва) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | СДСМ | 5 | 1.2 | 4.8 | 4.8 |
| | ВМРО ДПМНЕ | 93 | 22.9 | 89.4 | 94.2 |
| | ДУИ | 2 | .5 | 1.9 | 96.2 |
| | Алијанса на Албанците | 3 | .7 | 2.9 | 99.0 |
| | БЕСА | 1 | .2 | 1.0 | 100.0 |
| | Вкупно | 104 | 25.6 | 100.0 | |
| Missing | 88 | 15 | 3.7 | | |
| | System | 287 | 70.7 | | |
| | Вкупно | 302 | 74.4 | | |
| Вкупно | | 406 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 34. Политичка партија чија реакција е пренесена втора по ред.*

| Која партија (втора) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | СДСМ | 32 | 7.9 | 88.9 | 88.9 |
| | ВМРО ДПМНЕ | 3 | .7 | 8.3 | 97.2 |
| | Алијанса на Албанците | 1 | .2 | 2.8 | 100.0 |
| | Вкупно | 36 | 8.8 | 100.0 | |
| Missing | System | 371 | 91.2 | | |
| Вкупно | | 407 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 35. Втора пренесена реакција од политичка партија, според медиум.*

## ТВ канал * Која партија (втора) Crosstabulation

| | | | Која партија (втора) | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | СДСМ | ВМРО ДПМНЕ | Алијанса на Албанците | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 14 | 0 | 0 | 14 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 43.8% | 0.0% | 0.0% | 38.9% |
| | МТВ2 | Број | 7 | 0 | 0 | 7 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 21.9% | 0.0% | 0.0% | 19.4% |
| | Сител | Број | 5 | 2 | 0 | 7 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 15.6% | 66.7% | 0.0% | 19.4% |
| | Телма | Број | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 6.3% | 0.0% | 0.0% | 5.6% |
| | Алсат | Број | 4 | 1 | 1 | 6 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 12.5% | 33.3% | 100.0% | 16.7% |
| Вкупно | | Број | 32 | 3 | 1 | 36 |
| | | % во рамки на Која партија (втора) | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 36. Прилози што се однесуваат на институција.*

| Дали веста се однесува на некоја институција? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Да | 334 | 82.1 | 82.1 | 82.1 |
| | Не | 73 | 17.9 | 17.9 | 100.0 |
| | Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 37. Прилози кои се однесуваат на институции според медиум, удел во категоријата.*

**ТВ канал * Дали веста се однесува на некоја институција? Crosstabulation**

| | | | Дали веста се однесува на некоја институција? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 66 | 6 | 72 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 19.8% | 8.2% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 43 | 22 | 65 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 12.9% | 30.1% | 16.0% |
| | Сител | Број | 72 | 6 | 78 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 21.6% | 8.2% | 19.2% |
| | Телма | Број | 96 | 16 | 112 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 28.7% | 21.9% | 27.5% |
| | Алсат | Број | 57 | 23 | 80 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 17.1% | 31.5% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 334 | 73 | 407 |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја институција? | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 38. Институции за кои се известува во прилозите.*

| На која институција се однесува веста? (прва по значење) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | 72 | 17.7 | 17.7 | 17.7 |
| Кривичен суд | 72 | 17.7 | 17.7 | 35.4 |
| Влада на РМ - Премиер на МК | 26 | 6.4 | 6.4 | 41.8 |
| Министерство за внатрешни работи | 23 | 5.7 | 5.7 | 47.4 |
| Влада на РМ | 18 | 4.4 | 4.4 | 51.8 |
| Општина Струмица | 16 | 3.9 | 3.9 | 55.8 |
| ЕЛЕМ | 14 | 3.4 | 3.4 | 59.2 |
| СЈО | 13 | 3.2 | 3.2 | 62.4 |
| Антикорупциска комисија | 9 | 2.2 | 2.2 | 64.6 |
| Јавно обвинителство | 8 | 2.0 | 2.0 | 66.6 |
| Министерство за култура | 8 | 2.0 | 2.0 | 68.6 |
| Министерство за здравство | 7 | 1.7 | 1.7 | 70.3 |
| РЕК Битола | 7 | 1.7 | 1.7 | 72.0 |
| Министерство за надворешни работи | 6 | 1.5 | 1.5 | 73.5 |
| Судски совет | 6 | 1.5 | 1.5 | 74.9 |
| Меѓународен универзитет во Струга | 5 | 1.2 | 1.2 | 76.2 |
| Влада - Премиер на МК | 4 | 1.0 | 1.0 | 77.1 |
| Влада на РМ - Вицепремиер Анѓушев | 4 | 1.0 | 1.0 | 78.1 |
| Државен универзитет во Тетово | 4 | 1.0 | 1.0 | 79.1 |
| Судство | 4 | 1.0 | 1.0 | 80.1 |
| Комисија за хартии од вредност | 3 | .7 | .7 | 80.8 |
| МПЦ | 3 | .7 | .7 | 81.6 |
| Собрание на РМ | 3 | .7 | .7 | 82.3 |
| Универзитет „Мајка Тереза” | 3 | .7 | .7 | 83.0 |
| ФЕНИ | 3 | .7 | .7 | 83.8 |
| Државен завод за ревизија | 2 | .5 | .5 | 84.3 |
| Катлановска бања | 2 | .5 | .5 | 84.8 |
| Министерство за правда | 2 | .5 | .5 | 85.3 |
| Музеј на ВМРО | 2 | .5 | .5 | 85.7 |
| ОЈО Гевгелија | 2 | .5 | .5 | 86.2 |
| Општина Гази Баба | 2 | .5 | .5 | 86.7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општина Карпош | 2 | .5 | .5 | 87.2 |
| Општина Струмица - Градоначалник | 2 | .5 | .5 | 87.7 |
| Општина Тетово | 2 | .5 | .5 | 88.2 |
| Општина Центар | 2 | .5 | .5 | 88.7 |
| Основен суд | 2 | .5 | .5 | 89.2 |
| Премиер на МК | 2 | .5 | .5 | 89.7 |
| ТЕ-ТО АД Скопје | 2 | .5 | .5 | 90.2 |
| Центар за јавно здравје | 2 | .5 | .5 | 90.7 |
| Академија за судии и јавни обвинители | 1 | .2 | .2 | 90.9 |
| Врховен суд | 1 | .2 | .2 | 91.2 |
| Град Скопје | 1 | .2 | .2 | 91.4 |
| Градска болница | 1 | .2 | .2 | 91.6 |
| Детска градинка Центар | 1 | .2 | .2 | 91.9 |
| Дом за деца „25 Мај" | 1 | .2 | .2 | 92.1 |
| Државен просветен инспекторат | 1 | .2 | .2 | 92.4 |
| Државен ревизор | 1 | .2 | .2 | 92.6 |
| Државна ревизја | 1 | .2 | .2 | 92.9 |
| Елем Турс | 1 | .2 | .2 | 93.1 |
| Затвор Струга | 1 | .2 | .2 | 93.4 |
| затворите | 1 | .2 | .2 | 93.6 |
| Институт за јавно здравје | 1 | .2 | .2 | 93.9 |
| ЈО Прилеп | 1 | .2 | .2 | 94.1 |
| ЈП државни патишта | 1 | .2 | .2 | 94.3 |
| Катастар | 1 | .2 | .2 | 94.6 |
| Државна комисија за спречување на корупција | 1 | .2 | .2 | 94.8 |
| Министерстви за внатрешни работи | 1 | .2 | .2 | 95.1 |
| Министерство за образование | 1 | .2 | .2 | 95.3 |
| Министерство за одбрана | 1 | .2 | .2 | 95.6 |
| Министерство за транспорт и врски | 1 | .2 | .2 | 95.8 |
| Министерство за труд и социјална политика | 1 | .2 | .2 | 96.1 |
| Министерство за финансии | 1 | .2 | .2 | 96.3 |
| Министерството за здравство | 1 | .2 | .2 | 96.6 |
| Министерството за култура | 1 | .2 | .2 | 96.8 |
| Народен правобранител | 1 | .2 | .2 | 97.3 |
| Општина Аеродром | 1 | .2 | .2 | 97.5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Општина Битола | 1 | .2 | .2 | 97.8 |
| Општина Струга | 1 | .2 | .2 | 98.0 |
| Општина Чешиново - Облешево - Градоначалник | 1 | .2 | .2 | 98.3 |
| Регулаторна комисија за енергетика | 1 | .2 | .2 | 98.5 |
| Суд | 1 | .2 | .2 | 98.8 |
| Суд во Стразбур | 1 | .2 | .2 | 99.0 |
| Судовите | 1 | .2 | .2 | 99.3 |
| Топлификација | 1 | .2 | .2 | 99.5 |
| Улици и патишта | 1 | .2 | .2 | 99.8 |
| Училишта во Македонија | 1 | .2 | .2 | 100.0 |
| Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 40. Институции за кои се однесуваат прилозите (втори по значење).*

| На која институција се однесува веста? (втора по значење) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | 245 | 60.2 | 60.2 | 60.2 |
| СЈО | 70 | 17.2 | 17.2 | 77.4 |
| Кривичен суд | 7 | 1.7 | 1.7 | 79.1 |
| РЕК Битола | 7 | 1.7 | 1.7 | 80.8 |
| Јавно обвинителство | 6 | 1.5 | 1.5 | 82.3 |
| Министерство за правда | 6 | 1.5 | 1.5 | 83.8 |
| Општина Струмица - Градоначалник | 5 | 1.2 | 1.2 | 85.0 |
| Финансиска полиција | 5 | 1.2 | 1.2 | 86.2 |
| Државен завод за ревизија | 4 | 1.0 | 1.0 | 87.2 |
| Министерство за култура | 4 | 1.0 | 1.0 | 88.2 |
| ФЕНИ | 4 | 1.0 | 1.0 | 89.2 |
| ЕЛЕМ | 3 | .7 | .7 | 89.9 |
| Министерство за внатрешни работи | 3 | .7 | .7 | 90.7 |
| Министерство за образование | 3 | .7 | .7 | 91.4 |
| судовите | 3 | .7 | .7 | 92.1 |
| Апелационен суд | 2 | .5 | .5 | 92.6 |
| Општина Струмица | 2 | .5 | .5 | 93.1 |
| Топлификација | 2 | .5 | .5 | 93.6 |
| ФЗОМ | 2 | .5 | .5 | 94.1 |
| Биро за јавни набавки | 1 | .2 | .2 | 94.3 |
| Дом за деца „25 Мај” | 1 | .2 | .2 | 94.6 |
| Европски Универзитет во Скопје | 1 | .2 | .2 | 94.8 |
| Клинички центар | 1 | .2 | .2 | 95.1 |
| Комисија за јавни набавки | 1 | .2 | .2 | 95.3 |
| Македонски пошти | 1 | .2 | .2 | 95.6 |
| МВР Кочани | 1 | .2 | .2 | 95.8 |
| Меѓународен славјански универзитет | 1 | .2 | .2 | 96.1 |
| Меѓународен универзитет во Струга | 1 | .2 | .2 | 96.3 |
| министерствата | 1 | .2 | .2 | 96.6 |
| Министерство за економија | 1 | .2 | .2 | 96.8 |
| Министерство за труд и социјална политика | 1 | .2 | .2 | 97.1 |
| Музеј на Македонија | 1 | .2 | .2 | 97.3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство за организиран криминал | 1 | .2 | .2 | 97.5 |
| Општина Битола | 1 | .2 | .2 | 97.8 |
| Општина Битола - Градоначалник | 1 | .2 | .2 | 98.0 |
| Општина Кавадарци | 1 | .2 | .2 | 98.3 |
| Општина Прилеп - Градоначалник | 1 | .2 | .2 | 98.5 |
| Општина Центар | 1 | .2 | .2 | 98.8 |
| Основен суд | 1 | .2 | .2 | 99.0 |
| Претседател на РМ | 1 | .2 | .2 | 99.3 |
| СВ Инвест | 1 | .2 | .2 | 99.5 |
| судството | 1 | .2 | .2 | 99.8 |
| ТЕ-ТО АД Скопје | 1 | .2 | .2 | 100.0 |
| Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 41. Прилози кои се однесуваат на граѓанска организација.*

| Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Да | 40 | 9.8 | 9.8 | 9.8 |
| | Не | 367 | 90.2 | 90.2 | 100.0 |
| | Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 42. Прилози што се однесуваат и на граѓанска организација, според медиум.*

## ТВ канал * Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? Crosstabulation

| | | | Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 8 | 64 | 72 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 11.1% | 88.9% | 100.0% |
| | МТВ2 | Број | 3 | 62 | 65 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 4.6% | 95.4% | 100.0% |
| | Сител | Број | 4 | 74 | 78 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 5.1% | 94.9% | 100.0% |
| | Телма | Број | 20 | 92 | 112 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 17.9% | 82.1% | 100.0% |
| | Алсат | Број | 5 | 75 | 80 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 6.3% | 93.8% | 100.0% |
| Вкупно | | Број | 40 | 367 | 407 |
| | | % во рамки на ТВ канал | 9.8% | 90.2% | 100.0% |



*Табела/Графикон 43. Граѓански организации вклучени во известување за корупција.*

## На која ГО се однесува веста?

| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Валиден | Асоцијација МОСТ | 1 | .2 | 2.6 | 2.6 |
| | Граѓанска коалиција Сите за правично судење | 2 | .5 | 5.3 | 7.9 |
| | Економска комора | 1 | .2 | 2.6 | 10.5 |
| | Здружение на судии | 1 | .2 | 2.6 | 13.2 |
| | Зелена лупа | 1 | .2 | 2.6 | 15.8 |
| | Институт за европска политика | 1 | .2 | 2.6 | 18.4 |
| | Институт за стратешки истражувања | 1 | .2 | 2.6 | 21.1 |
| | Коалиција за правично судење | 1 | .2 | 2.6 | 23.7 |
| | Метаморфозис | 3 | .7 | 7.9 | 31.6 |
| | МЦМС | 1 | .2 | 2.6 | 34.2 |
| | МЦМС и други | 2 | .5 | 5.3 | 39.5 |
| | непозната | 2 | .5 | 5.3 | 44.7 |
| | Платформа на ГО за борба против корупција | 4 | 1.0 | 10.5 | 55.3 |
| | повеќе | 1 | .2 | 2.6 | 57.9 |
| | Транспаренси Инт. | 11 | 2.7 | 28.9 | 86.8 |
| | Хелсиншки комитет за човекови права | 1 | .2 | 2.6 | 89.5 |
| | Центар за граѓанска комуникација | 1 | .2 | 2.6 | 92.1 |
| | Центар за економски анализи и други | 2 | .5 | 5.3 | 97.4 |
| | Црвен Крст | 1 | .2 | 2.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 38 | 9.3 | 100.0 | |
| Missing | 88 | 369 | 90.7 | | |
| Вкупно | | 407 | 100.0 | | |



*Табела/Графикон 44. Граѓански организации вклучени во известување за корупција и број на извори на кои се темели веста.*

## На колку извори реферира веста? *Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? Crosstabulation

| | | | Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| На колку извори реферира веста? | Еден | Број | 7 | 128 | 135 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 5.2% | 94.8% | 100.0% |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 17.5% | 34.9% | 33.2% |
| | Два | Број | 21 | 147 | 168 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 12.5% | 87.5% | 100.0% |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 52.5% | 40.1% | 41.3% |
| | Три | Број | 5 | 73 | 78 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 6.4% | 93.6% | 100.0% |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 12.5% | 19.9% | 19.2% |
| | Повеќе од три | Број | 7 | 19 | 26 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 26.9% | 73.1% | 100.0% |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 17.5% | 5.2% | 6.4% |
| Вкупно | | Број | 40 | 367 | 407 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 9.8% | 90.2% | 100.0% |
| | | % во рамки на Дали веста се однесува на некоја граѓанска организација (ГО)? | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



*Табела/Графикон 45. Број на извори презентирани во рамки на веста.*

| На колку извори реферира веста? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
| Валиден | Еден | 135 | 33.2 | 33.2 | 33.2 |
| | Два | 168 | 41.3 | 41.3 | 74.4 |
| | Три | 78 | 19.2 | 19.2 | 93.6 |
| | Повеќе од три | 26 | 6.4 | 6.4 | 100.0 |
| | Вкупно | 407 | 100.0 | 100.0 | |



*Табела/Графикон 46. Прилози според број на извори во рамки на медиум, удел во категоријата.*

## ТВ канал * На колку извори реферира веста? Crosstabulation

| | | | На колку извори реферира веста? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Еден | Два | Три | Повеќе од три | |
| ТВ канал | МТВ1 | Број | 34 | 33 | 5 | 0 | 72 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 25.2% | 19.6% | 6.4% | 0.0% | 17.7% |
| | МТВ2 | Број | 10 | 32 | 16 | 7 | 65 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 7.4% | 19.0% | 20.5% | 26.9% | 16.0% |
| | Сител | Број | 35 | 35 | 8 | 0 | 78 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 25.9% | 20.8% | 10.3% | 0.0% | 19.2% |
| | Телма | Број | 43 | 42 | 19 | 8 | 112 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 31.9% | 25.0% | 24.4% | 30.8% | 27.5% |
| | Алсат | Број | 13 | 26 | 30 | 11 | 80 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 9.6% | 15.5% | 38.5% | 42.3% | 19.7% |
| Вкупно | | Број | 135 | 168 | 78 | 26 | 407 |
| | | % во рамки На колку извори реферира веста? | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |



# 8. Анекс 2: Листа на респонденти

| Р. Бр. | Име и презиме | Организација / Институција |
|---|---|---|
| 1. | Меваип Абдиу | Коха |
| 2. | Анета Додевска | Телевизија 24 |
| 3. | Горан Момировски | Телевизија Алфа |
| 4. | Ценур Исени | Журнал |
| 5. | Дестан Јунузи | Журнал |
| 6. | Исен Салиу | Лајм |
| 7. | Александар Дамовски | МКД.мк |
| 8. | Тамара Чаусидис | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| 9. | Насер Селмани | Здружение на новинари на Македонија |
| 10. | Џумадије Ибраими | Арт Канал |
| 11. | Башким Сулејмани | Алсат-М |
| 12. | Александар Димитриевски | Алсат-М |
| 13. | Гордана Дувњак | 1ТВ |
| 14. | Столе Наумов | Канал 77 |
| 15. | Жарко Јорданоски | Слободен печат |